- Исплата по решение на Глигор Прличев за Детски фестивал во Прага: 10.000,00 ден.
- Исплата по решение за КУД Глигор Прличев:10.000,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 20.000,00 ден**

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и подршка на невладиниот сектор за 2016 година (за период од 01. 01. - 30. 09. 2016 година) по сите позиции потрошени се:**

**Вкупно планирани средства: 7.470.000,00 ден.**

**Потрошени средства : 1.896.832,00 ден.**

**Планирани, а нереализирани средства: 5.573.168,00 ден.**

**Настани кои се планирани, но не се реализирани од 01.01. 2016 до 30.09.2016 година :**

1. Осмомартовски концерт –настанот не се одржа поради недоволен број на изведувачи поради ниско понудена цена.
2. Велигденски огномет-не се реализираше по барање на МПЦ.
3. ЦД со песни од околните населени места- не беше издадено поради немање на слободни аудио студија за снимање и монтажа на предвидениот дел од 12 песни.
4. Отварање на манифестацијата „Културно лето 2016"- не се реализираше поради ниско понудената цена.
5. Вечер на забавна музика-нереализиран настан поради ниско понудена цена.
6. Концерт на фолк пејачи-не се одржа поради ниско понудена цена.
7. Театарска претстава –не се реализираше поради ниско понудена цена.
8. Ревија на народни носии од скопско-не беше реализирана поради годишни одмори. (*Забелешка:* Потребно е да се смени терминот, односно да се реализира во склоп на Празникот на Општината.)
9. Фолк вечер-нереализиран настан поради ниско понудена цена.

**Настани кои треба да се реализираат до крајот на 2016 година :**

1. Одбележување на ослободувањето на Ѓорче Петров и Град Скопје( Солистички концерт)
2. Концерт на учесници на СМБУЦ „ Николовски Луј" – Скопје
3. Новогодишна гала музичка претстава
4. Детска претстава(куклен театар)
5. Литературно читање со наши познати поети во собата на Анте Поповски
6. Хумористичко-музичка вечер
7. Општински новогодишен концерт

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2016 година за период од 01.01.-30.09.2016 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2017 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/6**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02),член 15 став 1 точка 15 од законот за Град Скопје ( „Службен весник на Република Македонија “ бр.55/04) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 56-тата седница одржана на ден 10.11.2016 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА

**за активностите на општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладиниот сектор во 2017 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2017 година, се:

1. Институционална и финансиска поддршка на Невладини организации од областа на културата со цел реализирање на проекти од значење за Општината;
2. Негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности;
3. Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво.
4. Одбележување на настани, празници и личности од значење за Општината;
5. Поддршка и промовирање на млади автори од областа на културата.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на Програмата Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси.Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон одржување на континуитетот на традиционалните културни манифестации.

Во текот на 2017 година, во општина Ѓорче се планира да се организираат следните културни активности:

### А. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ

**1. Прослава на Водици**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, традиционално се одржува положување на светиот крст во водите на реката Вардар на Железниот мост во населба Хром и во водите на реката Лепенец во Волково. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување големиот христијански празник Богојавление – Водици и негување на македонската традиција . |
| **Време на реализација** | јануари |
| **Носител на активноста** | општина Ѓ.Петров<br><br>Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | • Афирмација на овој традиционален настан и почитување на културните вредности, обичаи, народни верувања<br>• Граѓаните активно и масовно да се вклучат во овој традиционален настан, особено помладите генерации |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **90.000,00 ден** |

**2.Доделување на признанија и награди за најубаво украсени двор, куќа и тераса**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Традиционално се одбира најубаво новогодишно украсен двор, куќа и најубаво<br>новогодишно украсена тераса од стан.<br>Комисија составена од вработени во Општината и членови од општинскиот Совет излегуваат на терен за да ги одберат најубаво украсените двор, тераса и куќа.<br>Признанијата и наградите се доделуваат на Свечената седница на Советот на општината Ѓорче Петров која се одржува во декември во општинскиот Центар за култура. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е активно вклучување на граѓаните во украсувањето на Општината со цел да дадат свој придонес за празничниот дух во новогодишните денови. |
| **Време на реализација** | јануари |

**Носител на активноста** општина Ѓ.Петров

Одделение за јавни дејности

**Резултати:**

- Новогодишно украсени дворови, куќи и тераси
- Активно вклучување на граѓаните во новогодишниот изглед на Општината

**Предвидени финансиски средства:** Други оперативни расходи **20.000,00 ден**

### 3.Божиќна претстава за деца

**Краток опис на активноста:** Актери од општинскиот театар „Пампур" ги забавуваат најмладите со новогодишна претстава која ќе ги понесе во светот на бајките.

**Главна цел:** Целта на оваа активност е поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарот, уметноста, културата.

**Време на реализација** јануари

**Носител на активноста** Општина Ѓорче Петров

**Резултати:**

- Збогатување на културниот живот на најмалите во Општината
- Задоволни и среќни дечиња

**Предвидени финансиски средства:** Други оперативни расходи **30.000,00 ден**

### 4.Прослава на верскиот празник Св.Трифун

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Овој христијански празник – Св.Трифун, во Општината традиционално се одбележува во малата црква во с.Кучково каде што градоначалникот и верниците присуствуваат на традиционалната централна манифестација на закројување на лозјата и овошките. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Св. Трифун и негување на македонската традиција . |
| **Време на реализација** | јануари |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров /Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | • Активно и масовно вклучување на граѓаните во одбележување на верскиот празник |
| **Предвидени финансиски средства:** | Храна и пијалоци **50.000,00 ден** |

5. **Прослава на Денот на Крстот-Кучково**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржува голем општонароден собир „Ден на Крстот". На овој ден се одржуваат традиционални народни спортски игри во неколку дисциплини: тегнење јаже, скок од место, фрлање камен од рамо, трчање со јајце на лажица во уста, сечење на трупци и тегнење со стап.<br>На игрите учествуваат екипи од различни општини.<br>Покрај спортските содржини планирана е и богата културно-забавна програма.<br>Традиционално се дели војничко гравче за сите присутни гости на Собирот. |
| **Главна цел:** | Активно учество на граѓаните, соработка со другите скопски општини, дружење со граѓаните и негување на традицијата. |
| **Време на реализација** | мај |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково |

| | | |
|---|---|---|
| **Резултати:** | • Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција | |
| **Предвидени трошоци по позиции** | Услуги за копирање и печат | 200.000,00 ден |
| | Храна и пијалоци | 500.000,00 ден |
| | Озвучување | 30.000,00 ден |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Вкупно :** | **730.000,00 ден** |

6. **Полагање цвеќе по повод „ Денот на победата против фашизмот"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод 9 Мај, денот на победата над фашизмот, градоначалникот, Делегација од Советот на Општината и општинската администрација ,традиционално положуваат цвеќе на Спомeникот на паднатите борци во НОБ во паркот на општината Ѓорче Петров и им оддаваат чест на овие македонски синови кои храбро ги положиле своите животи за татковината. Цвеќе положуваат и делегации на невладини организации, претпријатија, претставници од политичките партии и граѓани ... |
| **Главна цел:** | • Оддавање почит и негување на споменот за загинатите борци кои храбро загинале за слободата на нашата земја .<br>• Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните. |
| **Време на реализација** | 9 мај |
| **Носител на активноста** | општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | • Оддавање почит и чест, како и негување на споменот за паднатите борци |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **20.000,00 ден** |

**7. Чествување на Патронот на Општината , посета на гробот на Патронот**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод годишнината од погибието на великанот на македонската револуционерна борба, Ѓорче Петров, делегација од општината, Советот на општината, општинските училишта,градинката,делегации од партии и невладини организации,положуваат свежо цвеќе и му оддаваат почит пред неговиот споменик, во Реонскиот парк во општината.<br>Делегација од Општина Ѓорче Петров, предводена од градоначалникот Сокол Митровски, положува венец и свежо цвеќе на местото на погибието и на гробот на Ѓорче Петров ,кој се наоѓа на централните градски гробишта во Софија. |
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и чест, сеќавање и негување на споменот за овој наш македонски великан кој храбро загинал за слободата на нашата земја<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните. |
| **Време на реализација** | 28 јуни |
| **Носител на активноста** | општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Оддадена почит и чест, сеќавање и негување на споменот за Патронот на Општината. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **150.000,00 ден** |

**8. Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Со комеморативна свеченост, положување цвеќе и армиски почести, општина Ѓорче Петров им оддава почит на бранителите од село Волково кои загинаа во 2001 година. |

| | |
|---|---|
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и негување на споменот за загинатите бранители кои загинаа во конфликтот од 2001 година.<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните. |
| **Време на реализација** | 10 август |
| **Носител на активноста** | општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | • Оддадена почит и чест и сеќавање и негување на споменот за паднатите бранители во конфликтот од 2001 година |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **20.000,00 ден** |

**9. Празник на Општината-Свечена седница; доделување награди и признанија и културна програма по повод Празникот на Општината**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 20 септември, се организира богата културно-спортска програма, крос, крводарителска акција и турнири кои се дел од низата манифестации по повод денот на Општината.<br>На свечената седница на Советот на Општината се доделува Годишна награда „Ѓорче Петров" која се доделува за посебен придонес за афирмација на Општината. Се доделуваат и признанија и награди кои им се доделуваат на поединци и фирми кои дале придонес за развојот и афирмацијата на Општината преку нивните остварувања во стопанството, науката и уметноста, културата и спортот, воспитанието, образованието и за унапредување на животната средина и природата.<br>Изборот го врши Комисијата за награди и признанија, во согласност со Правилникот за награди и признанија по претходно објавен оглас. |
| **Главна цел:** | Целта е одбележување на Празникот на Општината, зближување на граѓаните со работата на Општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. |
| **Време на реализација** | 20 септември |

| | | |
|---|---|---|
| **Носител на активноста** | општина Ѓорче Петров/Комисија за награди и признанија | |
| **Резултати:** | • Промоција на Општината Ѓорче Петров<br>• Доделени награди и признанија за посебен придонес за афирмација на Општината<br>• Активно вклучување на граѓаните, учениците и вработените во прославувањето преку учество во културните и спортските настани. | |
| **Предвидени трошоци по позиции** | Услуги за печатење, копирање и издавање | 680.000,00 ден |
| | Храна и пијалоци | 100.000,00 ден |
| | Договорни услуги | 60.000,00 ден |
| | Други оперативни расходи | 50.000,00 ден |
| **Предвидени финансиски** | **Вкупно:** | **830.000,00 ден** |

**10.Детски фестивал „Соната"**

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На овој оригинален детски фестивал учествуваат млади автори на музика и текст од основните училишта од општината Ѓорче Петров и секоја година настапуваат со нови композиции. | |
| **Главна цел:** | Негување на културните вредности, поттик за активно учество на учениците на фестивалот и промовирање на музиката и културата меѓу најмладите. | |
| **Време на реализација:** | септември | |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности | |
| **Резултати:** | Активно учество на младите во областа на културата и истакнување на талентот кај најмладите | |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги | **80.000,00 ден** |

**11. Одбележување на државни празници во 2017 година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Градоначалникот, Делегација од општинската администрација , Советот на Општината, невладини организации, општински училишта, градинката, делегации од партии и невладини организации, положуваат свежо цвеќе и оддаваат почит. |
| **Главна цел:** | Одбележување на државни празници, зачувување и негување традицијата, истакнување на значајни историски настани, како и поттикнување на патриотскиот дух кај граѓаните и љубов кон |

| | |
|---|---|
| | татковината. |
| **Време на реализација:** | тековна активност |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | •Одбележување на државни празници; активно и масовно вклучени граѓани во овој традиционален настан; |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **160.000,00 ден** |

### 12. Одбележување на ослободувањето на Ѓорче Петров и Град Скопје

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Со низа пригодни свечености се одбележуваат 13 ноември-Денот на ослободувањето на Скопје и 14 ноември-Денот на ослободувањето на Ѓорче Петров, кога градоначалниците, претставници од Владата, невладини организации и граѓани положуваат свежо цвеќе и оддаваат почит на паднатите борци од НОБ. |
| **Главна цел:** | Одбележување и потсетување на значајни историски настани. |
| **Време на реализација:** | 13.11.2016/ 14.11.2016 |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | •Одбележување на државни празници; активно и масовно вклучени граѓани во овој традиционален настан; |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни работи **30.000,00 ден** |

**ВКУПНО:2.210.000,00 ден**

## Б. ПОДДРШКА НА УСТАНОВИ И НВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

### 1. Поддршка на програмата на КУД „ Григор Прличев"

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината логистички и финансиски ја поддржува програмата на КУД „Глигор Прличев" кое достојно и на високо професионално ниво ја претставува Општината,а со своите турнеи надвор од Македонија го претставува македонскиот фолклор и традиција. |
| **Главна цел:** | Традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од Општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција |

| | |
|---|---|
| | преку турнеи и надвор од Р Македонија. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани и фондации **60.000,00 ден** |

2. **Поддршка на автори-творци поединци во областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината дава логистичка и финансиска поддршка за издавање на книги, компонирање на музички дела од интерес на Општината, снимање на песни во студија и обновување на народното творештво на територијата на Ѓорче Петров |
| **Главна цел:** | Поддршка и поттикнување на автори –творци поединци во областа на културата, негување на традицијата и културните вредности. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Стимулирање на млади автори- творци од сите области на културата и промовирање на културните вредности. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги **200.000,00 ден** |

**3.Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината дава логистичка и финансиска поддршка на активностите невладините организации во рамките на Општината. |
| **Главна цел:** | Соработка, промовирање и поддршка на активностите на невладините организации во областа на културата. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | взаемна доверба, соработка,партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани **20.000,00 ден** и фондации |

**4.Организирање на самостојни и здружени хуманитарни акции**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината финансиски и логистички организира концерти, изложби, самостојни и хуманитарни акции |
| **Главна цел:** | Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Поттикнување на хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Оперативни расходи **100.000,00 ден** |

**5.Организирање на изложби**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината финансиски и логистички организира изложби |
| **Главна цел:** | Поддршка на уметници и поттикнување на граѓаните помасовно да се вклучат во културни манифестации, подигнување на свеста на граѓаните за културните вредности. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и информираност за културните настани.<br>Активно и помасовно вклучување на граѓаните во културните настани како и поттик и поддршка на уметници во Општината. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани и фондации 70.000,00 ден<br>Договорни услуги 50.000,00 ден<br>Вкупно **120.000,00 ден** |

**6,Рекламирање на настани од секојдневната работа на Општината преку радио и ТВ станици**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Рекламирање на настани од секојдневните активности на Општината на радио и ТВ станици. |
| **Главна цел:** | Навремено информирање и известување на граѓаните за тековните настани кои се реализираат во Општината. |

**Време на реализација:** тековно

**Носител на активноста:** општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности

**Резултати:** Навремено информирани и задоволни граѓани

**Предвидени финансиски средства:** Други оперативни расходи **700.000,00 ден**

**7.Фотографирање и снимање**

**Краток опис на активноста:** Фотографирање и снимање на активности и настани кои се реализираат во секојдневната работа за потребите на Општината

**Главна цел:** Евидентирање, информирање и известување на граѓаните за тековните настани кои се реализираат во Општината.

**Време на реализација:** тековно

**Носител на активноста:** општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности

**Резултати:** Фотографии и снимки на настани и активности на Општината

**Предвидени финансиски средства:** Други оперативни расходи **200.000,00 ден**

**ВКУПНО : 1.400.000,00 ден**

**В. КУЛТУРНО ЛЕТО „ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2017 "**

**1. Отварање на манифестацијата**

**Краток опис на активноста:** Градоначалникот ја отвара оваа културна манифестација и ги поздравува присутните граѓани и учесници. Со настапот на познати македонски поп пејачи започнува Културно лето „Ѓорче Петров 2017".
Програмата вклучува изложби,концерти, фолклорна вечер со народни ора, а ќе има и детска програма во чии рамки ќе се одржи театарска претстава и музички настапи.

**Главна цел:** Преку Програмата за Културно лето да се анимираат и вклучат граѓаните од различни возрасти во културните настани и манифестации, да се поттикне интересот, креативноста и љубовта кон музиката и уметноста.

**Време на реализација:** 7 јули, Реонски парк

**Носител на активноста:** општина Ѓорче Петров

**Резултати:** Анимирање на културниот живот и издигнување на

| | |
|---|---|
| | културната свест на граѓаните. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги **120.000,00** ден |

**2. Целовечерен концерт на КУД „ Глигор Прличев" и гостување на КУД од странство**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Настап на КУД „Глигор Прличев " и негови гости кои со своите песни и ора ќе ја раздвижат публиката и на присутните ќе им овозможат задоволство и уживање во летниот период. |
| **Главна цел:** | Промоција и афирмација на македонскиот фолклор и традиција |
| **Време на реализација:** | 8 јули,Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Анимирање на културниот живот и издигнување на културната свест на граѓаните. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани и фондации **20.000,00 ден** |

**3. Концерти одржани од детските фестивали „Соната" и „ Златно славејче"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Дечињата-учесници, настапуваат со своите песни од од детските фестивали „ Соната" и „ Златно славејче" и ги забавуваат и воодушевуваат најмладите, родителите, присутните, пеејќи за првата љубов, среќата, игрите, љубовта кон татковината... |
| **Главна цел:** | Да се анимираат најмладите во летниот период, со игра и песна да се радуваат во летниот период |
| **Време на реализација:** | јули, Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Активно и масовно учество на младите и најмалите во културниот живот |
| **Предвидени финансиски средства:** | Храна и пијалоци **20.000,00 ден** |

**4. Вечер на забавна музика**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Познати македонски пејачи на забавна музика ги забавуваат граѓаните со своите песни |
| **Главна цел:** | Анимирање на граѓаните во текот на летните денови и збогатување на културниот живот во Општината |
| **Време на реализација:** | јули, Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги **60.000,00 ден.** |

**5.Концерт на фолклорен ансамбл „ Македонија"**

**Краток опис на активноста:** Ансамбл „Македонија" настапуваат со традиционални македонски песни, со звуците на зурлите и тапаните ја надополнуваат нивната прекрасна изведба.

**Главна цел:** Негување на македонската народна традиција и фолклор, анимирање на граѓаните во текот на летните денови и збогатување на културниот живот во Општината.

**Време на реализација:** 9 јули, Реонски парк

**Носител на активноста:** општина Ѓорче Петров

**Резултати:** Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани.

**Предвидени финансиски средства:** Трансфер до здруженија **30.000,00 ден.**

**6.Концерт на фолк пејачи**

**Краток опис на активноста:** Познати македонски фолк пејачи ги забавуваат граѓаните со своите народни песни

**Главна цел:** Негување на македонската музика и песна, анимирање на граѓаните во текот на летните денови и збогатување на културниот живот во Општината

**Време на реализација:** јули, Реонски парк

**Носител на активноста:** општина Ѓорче Петров

**Резултати:** Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани.

**Предвидени финансиски средства:** Договорни услуги **60.000,00 ден.**

**7.Театарска претстава (комедија)**

**Краток опис на активноста:** Познати македонски актери внесуваат смеа, ведрина и побогат културен живот во Ѓорче.

**Главна цел:** Поттик на интересот на граѓаните и љубовта кон театарот и уметноста

**Време на реализација:** јули, Реонски парк

**Носител на активноста:** општина Ѓорче Петров

**Резултати:** Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани.

**Предвидени финансиски средства:** Договорни услуги **40.000,00 ден.**

**8.Настап на фолклорни градски КУД-ови**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Настапуваат неколку градски културно-уметнички друштва кои со своите традиционални песни и ора ги анимираат граѓаните и воодушеват со својот настап. |
| **Главна цел:** | Негување на македонската народна традиција и фолклор, анимирање на граѓаните во текот на летните денови и збогатување на културниот живот во Општината |
| **Време на реализација:** | јули, Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани 60.000,00 ден<br>и фондации<br>Храна и пијалоци 20.000,00 ден<br>**Вкупно 80.000,00 ден** |

**ВКУПНО: 430.000,00 ден**

## Г: ПРОГРАМА ПРЕДВИДЕНА ЗА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ВО ТЕКОТ НА 2017 ГОДИНА

### 1. Креативно катче

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во рамките на оваа активност која е предвидена да се одвива во текот на претпладневните часови, родителите со најмалите ќе креираат цртежи, најразлични изработки од хартија, пластика , пластелин и друг материјал, а истовремено и ќе се дружат |
| **Главна цел:** | Поттикнување на креативноста, уметничките способности кај децата и споделување на заеднички моменти, дружење |
| **Време на реализација:** | февруари/Центар за култура |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Задоволни и исполнети деца и родители,место за дружење на децата. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други материјали **40.000,00 ден** |

### 2.Концерт на Ансамбл „Македонија"

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Ансамбл „Македонија" настапуваат со традиционални македонски песни, звуците на зурлите и тапаните и прекрасна изведба |

| | |
|---|---|
| **Главна цел:** | Негување на македонската народна традиција и фолклор, анимирање на граѓаните во текот на летните денови и збогатување на културниот живот во Општината |
| **Време на реализација:** | април |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани и фондации **30.000,00 ден** |

**3.„Сакам да читам"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во рамките на библиотеката , ќе се уреди еден дел за потребите на оваа активност за да биде интересно.Столчиња наредени во круг, родителите и децата седнати и еден од родителите им чита на децата книга која претходно ја избрале. |
| **Главна цел:** | Децата да се мотивираат да читаат книги од најрана возраст и да се поттикне љубовта кон книгата, читањето, литературата. |
| **Време на реализација:** | мај-јули/ Библиотека |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Задоволни, среќни и исполнети дечиња и родители, дружење и размена на идеи и искуства во текот на дружењето |
| **Предвидени финансиски средства:** | **0** |

**4. Концерт на учесници од СМБУЦ „Николовски Луј" – Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Со прекрасната изведба учесниците ги забавуваат присутните граѓани со прекрасниот настап. | |
| **Главна цел:** | Збогатување на културниот живот, ширење на музичката и балетската култура. | |
| **Време на реализација:** | ноември | |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров | |
| **Резултати:** | Збогатување на културниот живот, масовна посетеност | |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги | 15.000,00 ден |
| | Транспорт на луѓе | 5.000,00 ден |
| | Вкупно: | **20.000,00 ден** |

**5. Новогодишна гала музичка претстава**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Традиционална новогодишна изведба на класична музика од гудачки квартет на која ќе бидат изведени |

| | |
|---|---|
| | неколку познати композиции на великаните на класичната музика. |
| **Главна цел:** | Да се доближат граѓаните до класичната музика |
| **Време на реализација:** | декември |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Збогатување на културниот живот и будење на интересот за класичната музика, масовна посетеност |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги **30.000,00 ден** |

**6. Детска претстава (Куклен театар)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Актери од Театар за деца и младинци ги забавуваат најмладите со новогодишна куклена претстава која ќе ги понесе во светот на бајките. |
| **Главна цел:** | Целта на оваа активност е поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарот, уметноста, културата. |
| **Време на реализација:** | декември |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | •Задоволни и среќни дечиња,поттикнување на љубовта кон театарот , уметноста. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги **30.000,00 ден** |

**7. Литературно читање со наши познати поети во собата на Анте Поповски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Познати македонски поети,членови на ДПМ, во присуство на љубителите на пишаниот збор, интерпретираат неколку песни, творби |
| **Главна цел:** | Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, збогатување на културниот живот, поетско дружење. |
| **Време на реализација:** | декември |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Побогат културен живот, средби со македонски поети |
| **Предвидени финансиски средства:** | Храна и пијалоци **10.000,00 ден** |

**8.Хумористичко-музичка вечер**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Настап на познати пејачи од македонската естрада и претстава на македонски актери од Драмскиот театар |
| **Главна цел:** | Преку хумор и песна да се збогати културниот живот на граѓаните, да се поттикне посетеноста на културни настани , да се разбуди љубовта кон уметноста, музиката, драмата |
| **Време на реализација:** | декември |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров |

| | | |
|---|---|---|
| **Резултати:** | Масовна посетеност на културни настани, побогат културен живот во Општината | |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги | **30.000,00 ден** |

**9.Општински новогодишен коктел**

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во пресрет на новогодишните празници во Центарот за култура, традиционално, се одржува богата културно-уметничка програма и новогодишен коктел. На овој настан градоначалникот доделува и признанија на поединци кои дале посебен придонес со својата работа во Општината. | |
| **Главна цел:** | Издигнување на културниот живот на вработените, дружење, мотивирање и наградување | |
| **Време на реализација:** | декември | |
| **Носител на активноста:** | општина Ѓорче Петров | |
| **Резултати:** | Вклучување на вработените од Општината во културно-уметничкиот живот и нивно мотивирање за поголема ангажираност во Општината преку наградување на најдобрите. | |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги | 50.000,00 ден |
| | Храна и пијалоци | 120.000,00 ден |
| | **Вкупно:** | **170.000,00 ден** |

**ВКУПНО:310.000,00 ден**

**СÈ ВКУПНО: 4.350.000,00 ден.**

**РЕКАПИТУЛАР**

| | |
|---|---|
| **Други материјали** | **40.000,00 ден.** |
| **Храна и пијалоци** | **720.000,00 ден.** |
| **Услуги за копирање и печатење** | **850.000,00 ден.** |
| **Договорни услуги** | **1.000,000,00 ден.** |
| **Други оперативни расходи** | **1.540.000,00 ден.** |
| **Трансфер до здруженија и фондации** | **200.000,00 ден.** |
| **Вкупно** | **4.350.000,00 ден** |

## I. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Финансирањето на активностите утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, кое во вкупен износ изнесува 4.350.000,00 денари е предвидено со Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2017 година.

За активностите од областа на образованието што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2017 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности. Субјектите кои ќе ги организираат активностите и ќе вршат обуки ќе бидат избрани преку распишан Јавен Повик од страна на општина Ѓорче Петров.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 08-3324/8**
**Од 10.11. 2016 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-30.09.2016 година, Извештај за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2016 година и Извештај за работа на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-30.09.2016 година, Извештајот за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2016 година и Извештајот за работа на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/7**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 56-тата седница одржана на ден 10.11.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-30.09.2016 година, Извештај за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2016 година и Извештај за работа на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2016 година, за период од 01.01.-30.09.2016 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/9**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор до 30.09.2016 година

**Скопје, Ноември 2016 година**

**СОДРЖИНА**

**I. ВОВЕД ........................................................................................................................ 3**

**II. АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕДВИДНИТЕ СОДРЖИНИ ........................................................................................................................ 3**

**А. Традиционални спортски активности и манифестации ........................... 5**

**Б. Поддршка на НВО ,спортисти и спортски клубови .....................................8**

**В. Поддршка за дополнителни не утврдени активности ............................ 9**

**III. РЕКАПИТУЛАР ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ........... 16**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа**
**на спортот, рекреацијата и поддршката на**
**невладинот сектор до 30.09.2016 година**

## II. ВОВЕД

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Активностите најмногу се насочуваа кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на здруженија на граѓани, екипи и поединци кои постигнуваат позитивни резултати и ја афирмираа Општина Ѓорче Петров во државата и надвор од неа.

Во текот на 2016 година до 30.09.2016 г., согласно програмата се реализирани слдниве програмски цели:

- Развој на училишниот спорт и реализирање на сите програмски активности од општинско , регионално и државно натпреварување.
- Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите со посебен акцент на масовниот
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од нea;
- Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности;

## III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕДВИДНИТЕ СОДРЖИНИ

Во 2016 година до 30.09.2016 г, во Општина Ѓорче Петров се реализираа следните спортски активности:

### А. Традиционални спортски активности и манифестации

Општина Ѓорче Петров ги финансираше традиционалните спортски активности и манифестации од локален карактер, со **цел зачувување на континуитетот** на вакви манифестации за кои има интерес од граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во Општина Ѓорче Петров:

1. **Ден на крстот –Традиционални селски игри,** активност која се реализираше на **01.05.2016 г.** во с. Кучково - Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка во соработка со месните и урбаните заедници со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| Предвидени с/ва во Буџетот на | Реализација- цел |
|---|---|

| Општина Ѓ.Петров | | |
|---|---|---|
| **предвидени** | трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Продолжување на традиционални народни спортски активности и развивање на масовнен селски спортски туризам<br>Се реализира вкупно 6 игри ( Влечење со стап, Скок во далечина, Фрлање камен, Сечење дрво, Влечење јаже, Трка со јајце со лажичка ) во кои учество заземаа преку 30 натпреварувачи, каде како најдобро или победник беше Општина Ѓорче Петров, второ место Општина Илинден, а трето место Општина Кисела Вода. |
| **250.000,оо** | -Услуги за печ., коп.,и изд.<br>-Други оперативни расходи | |

**2. Бон-бон куп-** Забавно спортска рекреација за деца**,** активност која се реализираше на **09.06.2016**, на Стадион Македонски Лавови-Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта и со Отворената забавна фидбалска школа Ѓорче Петров со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | | **Реализација-цел** |
|---|---|---|
| **предвидени** | трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Преку игра и ротации развивање и зајакнување на воспитните компоненти на учениците од одделенска настава Бон- бон купот е забавно спортска ракраација за деца од 7-12 години. Вклучени 150 ученици од 3 одделенија и реализирани 8 анимативно –рекреативни активности |
| **50.000,оо** | -Други оперативни расходи<br>-Услуги за печ., коп.,и изд. | |

**3. Спортски активности за меѓуетничка соработка, Бон-бон куп Никиштани,** активност која се реализираше **на 03.06.2016**, на Училишното игралиште во с.Никиштане, - Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта, и Отворената забавна школа, со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | | **Реализација - цел** |
|---|---|---|
| **предвидени** | трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Преку игра и ротации развивање и зајакнување на мултиетничките односи помеѓу децата.Вклучени 30 ученици од 3 одделенија и реализирани 8 анимативно – рекреативни активности |
| **50.000,оо** | -Други оперативни расходи<br>-Услуги за печ., коп.,и изд. | |

**4. „Спорт за сите деца"-** Забавно спортска рекреација за деца**,** активност која се реализираше на **16.09.2016г**, на Стадион Македонски Лавови -Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со Детската градинка "**Росица**", а ја реализираше **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје**, со што се потрошени слдниве материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | | **Реализација - цел** |
|---|---|---|
| **предвидени** | трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Со анимативни игри на тема спорт и ликот на Ѓорче, до развој на спортскиот |

| | | |
|---|---|---|
| **50.000,оо** | -Други оперативни расходи<br>-Услуги за печ., коп.,и изд. | дих на најмладата популација.<br>Присуство на 200 дечиња од детската градинка "Росица" |

**5.** **„Спортуваме-другаруваме "** активност за деца со *посебни потреби*, активност која ќе се реализира при **крајот на година**, во Сала Христо Батанџиев-Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта, со што се педвидуваат слдниве потребни материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Програмата на Општина Ѓ.Петров** | | **Реализација - цел** |
|---|---|---|
| **Предвидени** | **позиции** | **Реализирање во четвритот квартал** |
| **50.000,оо** | Други оперативни расходи | |
| | Услуги за печ., коп.,и изд. | |

**6.** **„ Традиционален крос " –**Активност која се реализира на ден **20.09.2016 г**. Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта, со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Реализација - цел** |
|---|---|---|
| **Предвидени** | трошено за **Стоки и улсуги – од позиции** | Продолжување на традицијата и и развивање на позитивно емоционално израцување и почитување на патронот на општината.<br>Прво место, Давид Веселивов од ООУ „ Мирче Ацев, второто место го освои Марко Марковски од ООУ „ ДПГ Беровски", а неговиот соученик од истоименото школо Александар Петковски беше трет. |
| **35.000,оо** | -Услуги за печ., коп.,и изд.<br>-Други оперативни расходи | |

**7.** **„ Шаховска табла"-турнир во шах -** Активност која се реализира **по повод Празникот на општината на 19.09.2016г.** Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со Месните заедници, со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Реализација - цел** |
|---|---|---|
| **Предвидени** | трошено за **Стоки и улсуги – од позиции** | Продолжување на традицијата со придонес на пензионерите за нивно агонистичко и емоционално дејствие и почитување на патронот на општината<br>Учество зедоа вкупно 8 екипи со 40 шахисти.<br>Најдобри беа шахистите од МЗ Кисела Јабука.<br>Второто место го освои екипата на Димитар П.Г.Беровски, додека третото место заслужено го добија Шаховски пријатели. |
| **35.000,оо** | -Услуги за печ., коп.,и изд.<br>-Други оперативни расходи | |

**8.** Општина Ѓорче Петров материјални и финансиски ги поддржа програмите на **невладини организации** - за развој на **училишниот спорт** на основните училишта во општина Ѓорче Петров преку *Сојузот на училишен спорт Ѓорче Петров* и **забавниот училишен спорт** преку *Отворената фудбалска школа Ѓорче Петров*

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина** | **Реализација - цел** |
|---|---|

| Ѓ.П. | | |
|---|---|---|
| **Предвидени** | трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | -Општинскиот сојуз на училишен спорт,<br>( посебен извештај)<br><br>-Отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров<br>( посебен извештај) |
| **850.000,оо** | -Услуги за печ., коп.,и изд.<br>-Други оперативни расходи<br>-Тренсфер до невладини организации | |

**Б. Поддршка на невладини организации, спортисти и спортски клубови - програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров- реализирање преку поднесено Барање и Проект**

1. Општина Ѓорче Петров материјално ги финансира **Спортски манифестации – традиционални** и **меморијални турнири**, кои во покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината.

| 15.Фестивал на филмови и/или театарски претстави од женски автори | КЕМ и сектор за култура | Да се формира работна група за селекција на автори и добиање на авторски права<br>Поставување / подготовка на претставите; превод и титлување на филмовите<br>Промоција на фестивалот и оддржување на фестивалот во центарот за култура | Да се подигне свеста за родова еднаквост и родови стереотипи | 2017-2018 | КЕМ Сектор култура | Буџет на ОЃП **100.000,00** МКД 40.000,00 ден за други договорни услуги 40.000,00 ден за други материјали 20.000,00 ден за прехранбени продукти и пијалоци |
| 16.Серија дебати на теми врзани со родовата еднаквост за децата од основните училишта (12-14 години) | КЕМ и сектор за образование | Да се дефинираат теми<br>Да се воведат учениците во осноите на Карл Попер дебата (негативен и позитивен тим)<br>Да се формриаат тимови и | Да се подигне свеста за родова еднаквост и родови стереотипи | 2017-2018 | КЕМ Сектор култура | Буџет на ОЃП **20.000,00** МКД 10,000,00 ден за други договорни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | да се организира натпревар на дебатни тимови | | | | услуги 5,000,00 за други материјали 5.000, за прехранбени продукти |
| 17.Работилници за семејно насилство | КЕМ | Ќе се организираат работилници во Основните училишта и Културниот дом Ѓорче Петров | Намалување на семејното насилство | | КЕМ | **20.000,00** МКД 10.000,00 ден за други договорни услуги 5,000,00 ден за други материјали 5,000,00 за прехранбени продукти и пијалоци |
| | | | | | **Вкупно** | **320.000,00** |

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година. Дел од активностите се покриени преку менторската програма спроведена од ОН Жени.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително, во текот на 2016 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/15**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-30.09.2016 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита, спсување и кризи на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-30.09.2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/14**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 56-тата седница одржана на ден 10.11.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи во Општина Ѓорче Петров за 2016 година**
**за период од 01.01.-30.09.2016 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи во Општина Ѓорче Петров за 2016 година, за период од 01.01.-30.09.2016 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/16** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 10.11.2016 година** | **Претседател,**
**Скопје** | **Гоце Петрески с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Предлагач: Градоначалник на Општина Ѓорче Петров**

**Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи и дејности од јавен интерес**

**Надлежност: Совет на Општина Ѓорче Петров**

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи за 2016 година (за период од 01.01.-30.09.2016 година)**

**Скопје, Ноември 2016 година**

За реализирање на Програмата за заштита, спасување и кризи за 2016 година, заклучно со 30.09.2016 година, Општината Ѓорче Петров ги превзема низа активности за нејзино остварување.

Програмските цели во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуваа за спречување на настанувањето на природните непогоди и други несреќи на територијата на општината.

За остварување на програмските активности, општината ги стави во функција потребните човечки ресурси, материјално-техничките средства и секако расположливите финансиски средства. Со ваквиот приод сметаме дека во основа програмските задачи по оваа Програма се реализирани, со исклучок на некои предвидени активности кои бараа поголема финансиска подршка, а таква подршка општината немаше во овој извештаен период.

**А. Реализирани програмски активности**

1.Извршено е ажурирање на процената на загрозеноста од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Ѓорче Петров.

2.Ажурирани се мерките од Планот на општината за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Во врска со овие две точки, на 15.07.2016 година, имавме вонреден инспекциски надзор од вработени од Дирекцијата за заштита и спасување – Одделение за генерален инспектор, кои записнички по извршената инспекција констатираа дека ажурираната проценка и мерките од планот за заштита и спасување се во ред.

Со изготвените документи се поставени потребните основи во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи на ниво на општина, кои во иднина треба да се надградуваат.

3. Организирана и спроведена е дводневна обука со поределените лица-припадници на општинската универзална единица за заштита и спасување. Обуката теоретски и практично е реализирана во организација на општината од страна на стручни лица од Дирекцијата за заштита и спасување – Центар за обука за заштита и спасување. За определените лица кои беа вклучени во обуката се добиени соодветни сертификати за обученост.

4. Извршени се потребните сервисирања и одржување на противпожарните апарати кои се набавени за потребите на општинските објекти согласно законските нормативи и истите се распоредени во урбаните и месните заедници, општинскиот објект, центарот на културата, реонскиот парк, повеќенаменските спортски игралишта, стадионите, спортската сала „Христо Батанџиев", секторот за урбанизал и просториите за легализација.

Исправноста и одржувањето се врши од страна на овластена фирма за оваа намена. Планирани 118.000,оо денари, а до 30.09.2016 година потрошени се 67.131,оо денари.

5.Контролата и атестирањето на громобранските инсталации на општинските објекти се врши редовно, согласно законските прописи.

6.Редовно се врши пролетна и есенска дератизација на шахтите на територијата на општината од страна на овластена фирма, ангажирана од општината. Планирани 110.000,оо денари, а до 30.09.2016 година, потрошени се 54.996,оо денари

7.Осигурувањето на општинските објекти, сите основни и подрачни училишта објектите на ЈОУДГ „Росица", урбаните и месните заедници, центарот за култура и спортската сала „Христо Батанџиев", тековно се осигуруваат. Планирани 77.599,оо денари, а до 30.09.2016 година, потрошени се 77.599,оо денари

8. Зимското одржување на улиците и патиштата на територијата од Општина Ѓорче Петров, тековно се остварува. Планирани 1.947.700,оо денари, а до 30.09.2016 година, потрошени се 772.900,оо денари

9. Оџаците на општинските објекти, објектите на основните и подрачните основни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица" редовно се чистат и одржуваат. Планирани 282.281,оо денари, а до 30.09.2016 година, потрошени се 282.281,оо денари

10. Согласно надлежностите на Градоначалникот за граѓаните од Општина Ѓорче Петров, кои претрпеле материјални штети како резултат од влијанија на природни непогоди и други несреќи, во рамките на финансиските можности на општината се помагани со еднократна финансиска помош.

11. Во тек е покрената иницијатива од страна на општината до надлежна институција за формирање на Општински Црвен Крст.

12.Во текот на месец Август 2016 година, делови од територијата на општината беа погодени од поплава, подоцна и општината беше погодена и од земјотрес. До општината се доставени 207 пријави за настаната штета на граѓаните од поплава, при што Комисија на општината изврши увид и проценка на штетата и целокупната документација ја достави до Комисиајта за процена при Владата на Република Македонија, која треба врши исплата согласно одлуката на Владата на РМ.

Од земјотресот се поднесени 43 пријави од граѓани за настаната штета. Комисијата по пријавите излезе на лице место и изврши увид при што 11 пријави се препратени до Институтот за земјотресно инжинерство. Комисијата не проценуваше штета туку само стабилноста на пријавените објекти.

Од објектите на јавните институции во општината од земјотресот нај погоден беше објектот на ООУ „Димитер Поп Георгиев Беровски", општината изврши целосна санација на штетите и училиштето е оспособено за одвивање на наставата.

**Б. Не реализирани програмски активности**

1.Опремувањето со облека, обувки и средства за работа, за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување не е реализирано поради немање соодветни финансиски позиции во Буџетот на општината.

2.Опремувањето на универзалната единица за заштита и спасување, со потребната минимум опрема, не е реализирано од истите причини како во точка еден.

3.Формирањето на доброволни противпожарни друштва на територијата од Општина Ѓорче Петров, за сега покрај напорите да се формираат, нема интерес од страна на граѓаните и поединци.

Од напред наведеното се гледа дека програмските цели во основа се реализирани, а делот кој не е реализиран е резултат на објективни и финансиски причини.

**Градоначалник**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за заштита, спасување и кризи за 2017 година**

Се објавува Програмата за заштита, спасување и кризи за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/15**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за заштита и спасување ( „Службен весник на Република Македонија" бр.36/04,49/04,86/08,85/09,124/10, 18/11, 41/14, 129/15), член 5 став 2 алинеа 5 од Законот за управување со кризи ( „Службен весник на Република Македонија " бр.29/05,36/11, 41/14, 104/15), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 56-тата седница одржана на ден 10.11.2016 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**за заштита , спасување и кризи за 2017 година**

## I. Вовед

Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се преземаат од страна на субјектите во системот за заштита и спасување, со цел навреме да се откријат и спречат настанувањата и отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи.

Со планските и програмските мерки, кои се преземаат пред настанувањето на природни непогоди и други несреќи се овозможуваат реални услови за заштита и спасување на луѓето ,животната средина, материјалните добра ,природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

- Секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи
- Приоритет имаат животите и здравјето на луѓето
- Секој граѓанин е должен да помага во рамките на своите можности

Општината и субјектите на својата територија се должни навреме да ги организираат и превземаат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување и за време на кризи.

Во денешно време се соочуваме со различни предизвици кои директно се поврзани со природни непогоди и другите несреќи, кои во основа се непредвидливи и со истите се причинуваат енормни човечки загуби и предизвикуваат материјални штети. Поради тоа неопходно се наметнува потребата од превземање на превентивни мерки во заштитата и спасувањето.

Општината Ѓорче Петров, согласно законите за заштита и спасување и управување со кризи и другите подзаконски акти презема соодветни мерки и активности за заштита на граѓаните и материјалните добра на целата територија од општината, со предвидените мерки и активности кои се зацртани во оваа програма се сака да се направи чекор напред во заштитата ,спасувањето и управувањето со кризи, а со цел да се нагласи пред се

превентивната улога како предуслов во заштитата на граѓаните и материјалните добра, природните богатства , животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

## II. Програмски Активности

1. Ажурирање на процената за загрозеноста од природни непогоди и другите несреќи на територијата на општината Ѓорче Петров .
2. Тековно ажурирање на изготвените плански документи по мерките од планот за заштита и спасување.
3. Обезбедување на облека и обувки за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување
   - Капи ________________________ 45+10=55
   - Блузи _______________________ 45+10=55
   - Пантолони ___________________45+10=55
   - Ветровка ____________________ 45+10=55
   - Јакни _______________________ 45+10=55
   - Кошули со долги ракави________ 90+20=110
   - Кошули со кратки ракави_______ 90+20=110
   - Маици со кратки ракави________ 90+20=110
   - Чевли _______________________ 45+10= 55

   За набавка на опремата потребни се 150.000,оо денари.

3.1. Опремување на универзалната единица за заштита и спасување со средствaз а работа(метли,лопати, канистри за вода и друг вид на опрема.
   - Потребни финански средства 100.000,оо денари.

4. Организирање предавања за вработените во општината, од обласга на заштитата и спасувањето, а особено за противпожарната заштита
   - Потребни финансиски сретства за ангажирани предавачи и инструктори 10.000,оо денари.

5. Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во општината, месните и урбаните заедници.
   - Потребни финансиски сретства 120.000,оо денари

5.1. Контрола и атестирање на громобранска инсталација на општинските објекти

   - Потребни финансики средства 100.000,оо денари.

6. Редовна дератизација на шахтите на територијата на општината.

   - Потребни финансиски сретства 200.000,оо денари

7. Осигурување на општинските објекти сите основни и подрачни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица“ и спортската сала „Христо Батанџиев“.
   - Потребни финансиски сретства 150.000,оо денари

8. Издвојување средства за зимско одржување на сервисните и станбените улици и на локалните патишта на територијата на општината 2016/17 година.
   - Потребни финансиски сретства 2.000.000,оо денари

9. Определување финансиски средства за чистење на оџаците на општинските објекти, објектите на основните училишта и објектите на ЈОУДГ „Росица".
   - Потребни финансиски сретства 250.000,оо денари
10. Определување финансиски сретства за граѓани од територијата на општината , за првична еднократна финасиска и материјална помош за штети кои настанале од природни непогоди и други несреќи.
   - Потребни финансиски сретства 1.200.000,оо денари .

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма, во износ од 4.280.000,оо денари ќе се предвидат во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Дополнителни финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина, на предлог на Градоначалникот, ќе се процени дека по својата актуелност се од поширок јавен интерес, за истите ќе бидат предвидени дополнителни финансиски сретства од Буџетот на општината.

По завршување на предвидените активности до Советот на општината ќе се достави Извештај.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/17**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „ Ф“ и Програмата за комунални дејности, за период од 01.01.-30.09.2016 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности, за период од 01.01.-30.09.2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/16**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 56-тата седница одржана на ден 10.11.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф" и Програмата за комунални дејностина Општина Ѓорче Петров за 2016 година за период од 01.01.-30.09.2016 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф" и Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, за период од 01.01.-30.09.2016 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/18**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЛЕР**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01-09/2016година

**ОКТОМВРИ 2016 год.**
**Скопје**

# ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**Ф.1 РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ - ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ДО ОКТОМВРИ 2016год.**

## ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА Ф.1**
**ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2016година**

## Урбанистички планови по Програма за 2007година

**1. УПС - Урбанистички план за село Кучково со разработка на Блок**
**Големина на плански опфат: 312.00 ха;**

**Фаза:** **Предлог план доставен за согласност од МТЦ.**
**Цена:** **По договор**: 802.000,00 ден.
Платено: 481.200, 00 ден.
**За доплата:** **320.800, 00** ден.
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** БИЛД – Доо Скопје;
**Период на донесување:** **2016 година.**

## 2. Изработка на Детални Урбанистички Планови-ДУП согласно нов ГУП на град Скопје 2012-2022год.

**2.1.** Според завршените постапки за Јавни набавка на услуги за Изработка на ДУП за сите градски четврти на територија на општината Ѓорче Петров, се избрани изготвувачи на ДУП, дефинирани цени, склучени договори и е отпочната работа за Изработка на ДУП-ови за градските четврти уште во 2013год.
**За плановите со поголеми Четврти од 30.00ха. градот Скопје треба да донесе УПЧ - Урбанистички план за четврт, па потоа да се отпочне со постапка за донесување на ДУП.**

**Дополнителен проблем е постапката за Е-урбанизам со која се менува и постапката за донесување на УПЧ. Град Скопје се уште нема изготвена динамика за тоа кои УПЧ ќе бидат донесени со добиена согласност од МТЦ, ниту за колку време ќе се екипираат службите во град Скопје и колку време треба за УПЧ кои тие треба да се донесат согласно Е-урбанизам.**

**Дел од договорите се постари од две години, но одбраните изготвувачи не се спремни за нивно раскинување, заради отпочнати и завршени договорни обврски, за кои платиле, а за целиот период обезбедиле и банкова гаранција.**

## 3.1.1 ДУП за четврт СЗ 01

**Големина на плански опфат:** **140.50 ха;**

**Фаза:** **Неотпочнат:**
**Цена:** **По договор**: **826.000,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** **Ин Пума ДОО Скопје** ; Договорот е спогодбено раскинат
**Период на Донесување:** **ДУП за четврт СЗ 01 ќе мирува се до донесување на УПЧ.**
**За планот, договорот е спогодбено раскинат.**
**Вредност на ослободени средства од буџетот изнесува :**
**826.000,00 ден.**

## 3.1.2 ДУП за четврт СЗ 06

**Големина на плански опфат:** **45.61ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма и донесен Урбанистички план за четврт СЗ 06 од Град Скопје.**
**Планот е отпочнат за работа, по даден налог од Општина, согласно новиот Закон за Просторно и урбанистичко планирање, (Службен весник на РМ број 199/2015година) постапката во е-урбанизам е во фаза на работа и е доставен Предлог план за отпочнување на Јавна анкета.**
**Цена:** **По договор**: **236.000,00ден.**
Платено: 000.00, 00 ден.
**За доплата:** **236.000, 00** ден.
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** **Ин Пума ДОО Скопје** ;
**Период на Донесување:** **првата половина на 2017год.**

**3.1.3 ДУП за четврт СЗ 16**

**Големина на плански опфат: 47.38ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 16 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: **680.797, 00 ден**

Платено: 000.00, 00 ден.

**За доплата: 680.797, 00 ден**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: ГИМ МАКЕДОНИЈА АД, Скопје,**

**Период на**

**Донесување:** **Се спрема планза постапка по е- урбанизам, планирано е планот да се донесе во прва половина на 2017год. доколку не се одлучи да се води постапка за измена на ГУП, за дислокација на ЈСП и планираното депо за шински возила.**

**3.1.4 ДУП за четврт СЗ 20**

**Големина на плански опфат: 50.59ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма и геодетски елаборат. Се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 20 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: **359.900,00 ден.**

Платено: 136.960, 00 ден.

**За доплата: 222.940, 00** ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**зготвувач:** **Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**Период на**

**Донесување:** **Планот ќе мирува се до донесување на УПЧ за четврт СЗ 20.**

**3.1.5 ДУП за четврт СЗ 24**

**Големина на плански опфат: 47.07ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 24 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор кој е раскинат спогодбено: 129.813,00 ден.**

Платено: 000.00, 00 ден.

**За доплата: 129.813,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач:** **БОРТАС ДОО Скопје Договор е спогодбено раскинат.**

**Планерите имаат изготвен и доставен геодетски елаборат, согласно договорните обврски, но недостасува доесен УПЧ од град Скопје.:**

**Период на**

**Донесување: Планот ќе мирува се до донесување на УПЧ за четврт СЗ 24**

**Договорот за планот, е спогодбено раскинат.**

**Вредност на ослободени средства од буџетот изнесува :**
**129.813,00 ден.**

## 3.1.6 ДУП за четврт СЗ 05

**Големина на плански опфат:** **55.62ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 05 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: **1.398.593,00 ден.**
Платено: 000.00, 00 ден.
**За доплата:** **1.398.593,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: БОРТАС ДОО Скопје Договор е спогодбено раскинат.**
**Планерите имаат изготвен и доставен геодетски елаборат, согласно договорните обврски, но недостасува доесен УПЧ од град Скопје.:**

**Период на**
**Донесување: Планот ќе мирува се до донесување на УПЧ за четврт СЗ 05.**

**Договорот за планот, е спогодбено раскинат.**

**Вредност на ослободени средства од буџетот изнесува :**
**1.398.593,00 ден.**

## 3.1.7 ДУП за четврт СЗ 09

**Големина на плански опфат:** **113.01ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 09 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: **2.435.732,00 ден.**
Платено: 000.00, 00 ден.
**За доплата:** **2.435.732,00ден.** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје,**

**Период на**
**Донесување: Планот ќе мирува се до донесување на УПЧ за четврт СЗ 09.**

**Договорот за планот, е спогодбено раскинат.**

## 3.1.8 ДУП за четврт СЗ 13

**Големина на плански опфат:** **51.70ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 13 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: **1.300.023,00 ден.**
Платено: 0 00.000, 00 ден.
**За доплата:** **1.300.023,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** **Ин Пума ДОО Скопје.**
**Период на**
**Донесување:** **Планот ќе мирува се до добивање на УПЧ за четврт СЗ 13.**
**Постапката за донесување се планира за 2017год.**

**3.1.9** **ДУП за четврт СЗ 14**
**Големина на плански опфат:** **64.96ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, одржана е анкета за прибирање информации за потребта на граѓаните. Се подготвува Предлог план за Јавна анкета и јавна презентација.**
**Цена:** **По договор**: **1.911.600,00 ден.**
Платено: 764.640, 00 ден.
**За доплата:** **1.146.960, 00** ден.
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** **Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**
**Период на**
**Донесување:** **Има донесен УПЧ за четврт СЗ 14.**
**Планот има одобрена планска програма, изготвен елаборат за ажурирана геодетска подлога. Се планира да се донесе на крај на 2017год.**

**3.1.10** **ДУП за четврт СЗ 21**
**Големина на плански опфат:** **82.30ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 21 од Град Скопје.**
**Цена:** **По договор**: **1.911.600,00 ден.**
Платено: 764.640, 00 ден.
**За доплата:** **1.146.960, 00** ден.
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** **Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**
**Период на**
**Донесување:** **Планот ќе мирува се до донесување на УПЧ за четврт СЗ 21.**

**3.1.11** **ДУП за четврт СЗ 27**
**Големина на плански опфат:** **34.92ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 27 од Град Скопје.**
**Цена:** **По договор**: **878.081,00 ден.** -
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: БОРТАС ДОО Скопје Договор е спогодбено раскинат.**
**Планерите имаат изготвен и доставен геодетски елаборат, согласно договорните обврски, но недостасува доесен УПЧ од град Скопје.:**
**Период на**
**Донесување: Планот ќе мирува се до донесување на УПЧ за четврт СЗ 27.**
**Договорот за планот, е спогодбено раскинат.**
**Вредност на ослободени средства од буџетот изнесува :**
**878.081,00 ден.** -

## 3.2. ДУП за Четврти со површина помала од 30ха со отпочна постапка за донесување

## 7.2.6 ДУП за четврт СЗ 25

**Големина на плански опфат:** **28.49ха;**

**Фаза:** **Нацрт план без стручна ревизија - Планот е застанат заради детектирани проблеми во ГУП Скопје 2012/2022 (несоодветна регулација на коритото на река Вардар).**
**Цена:** **По Договор:** **199.420,00 ден.**
Платено: 000. 00, 00 ден.
**За доплата:** **199.420,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ДПУ БИЛД ДООЕЛ Скопје.**
**Период на**
**Донесување: Се чека согласност на Проект за инфраструктура за регулација на река Вардар од град Скопје.**

## 7.2.7 ДУП за четврт СЗ 02

**Големина на плански опфат:** **28.94 ха;**

**Фаза:** **Отпочнат план со постапка по Е-урбанизам**
**Цена:** **По Договор:** **616.740,00 ден.**
Платено: 000.000,00 ден.
**За доплата:** **616.740,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје,**

**Период на**

**Донесување: Се планира да се донесе во прва половина на 2017год.**

## 7.2.9 ДУП за четврт СЗ 11

**Големина на плански опфат: 26.04 ха;**

**Фаза:** **Се спрема конечен Предлог план за согласност.**

**Цена:** **По Договор: 649.000,00 ден.**

Платено: 389. 400,00 ден.

**За доплата: 260.000,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**Период на**

**Донесување: да се донесе во 2016год.**

## 7.2.10 ДУП за четврт СЗ 12

**Големина на плански опфат: 19.06 ха;**

**Фаза:** **Нацрт ДУП утврден на Совет и завршена јавна анкета.**
**Се спрема повторна јавна анкета.**

**Цена:** **По Договор: 477.900,00 ден.**

Платено: 286.740, 00 ден.

**За доплата: 191.160, 00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**Период на**

**Донесување: Се планира да се донесе во 2016год но е неизвесно заради барање од граѓани до МТЦ, за кое очекуваат одговор.**

## 7.2.11 ДУП за четврт СЗ 07

**Големина на плански опфат: 21.09ха;**

**Фаза:** **Добиена согласност во Министерство за транспорт и врски.**

**Цена:** **По Договор: 454.300,00 ден.**

Платено: 000.000,00 ден.

**За доплата: 454.300,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**Период на**

**Донесување: Се планира да се донесе до крајот на 2016год.**

## 8. Изработка на Урбанистички Планови за Села согласно ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ "Ф„ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2014година.

### 8.1 УПС за село НОВО СЕЛО

**Големина на плански опфат: 126.56 ха;**

**Фаза:** **Изработена планска програма.Изработен предлог план.**
**Цена:** **По договор: 1.378.830,00 ден.**
Платено: 000.000,00 ден.
**За доплата: 1.378.830,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ИН-ПУМА Доо Скопје.**
**Период на**
**Донесување: Се планира да се донесе до крајот на 2017год.**

### 8.2 УПС за село КИСЕЛА ЈАБУКА

**Големина на плански опфат: 26.40 ха;**

**Фаза:** Во постапка за донесување.
**Цена:** **По договор: 159.772,00 ден.**
Платено: 127.817,00 ден.
**За доплата: 31.954.40,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ИН-ПУМА Доо Скопје.**
**Период на**
**Донесување: Се планира да се донесе до крајот на 2016год.**

### 8.3 УПС за село ВОЛКОВО

**Големина на плански опфат: 328.20 ха;**

**Фаза:** Се спрема Предлог план за Јавна анкета и стручна презентација.
**Цена:** **По договор од 2015година: 1.853.615,00 ден.**
Платено: 000.000,00 ден.
**За доплата: 159.772,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: „ЛОУТЕК' Доо Скопје.**
**Период на**
**Донесување: Се планира да се донесе во текот на 2017год.**

**8.4 УПС за село НИКИШТАНЕ**
**Големина на плански опфат: 46.30 ха;**

**Фаза:** Почетна фаза – обезбедени индикации од АКН
**Цена:** **По договор: 767.000,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**
**Период на**
**Донесување: Се планира да се отпочне во текот на 2017год.**

**8.5 УПВНМ ВЕЛЕ ПОЛЕ**
**Големина на плански опфат: 257,00 ха;**

**Фаза:** Почетна фаза – завршени припремни работи
**Цена:** **По договор: 2.358.525,00 ден.**
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ИН-ПУМА Доо Скопје.**
**Период на**
**Донесување: Се планира да се донесе до крајот на 2017год.**

**8.6 Изменување и дополнување на УПС Орман, да се донесе до крајот на 2017год.**

## 9. Завршена постапка за одобрена проектна документација во 2016година - АУП:

## 9.1. Одобрени АУП во 2016год.:

**9.1.1 АУП за бензиска на ГП 7.7 од ДУП СЗ 03, изготвен од ИН-ПУМА Скопје**

**a. АУП за црква во УЗ Даме Груев, за ГП 1.2 на КП 2415/3 КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, изготвувач Планерис Куманово,**

**b. АУП за А3 групно домување-дом за стари лица за ГП 1.1 на КП 419/1 и КП 414 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село од Општакт Ново Село, нарачател општина Ѓ.Петров изготвен од ЗУМ Проект,**

**c. АУП за производен погон со магацин на КП 388/1 и 678/1 од Општ акт за Ново Село ,**

**d. АУП за ГП Б.2.5 на КП 494/37 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село општина Ѓорче Петров од УПВНМ Клучка стопански двор изготвен од ТАЈФА ПЛАН**

**e. АУП за ГП Б.2.16 на КП 494/35 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село општина Ѓорче Петров од УПВНМ Клучка стопански двор изготвен од ТАЈФА ПЛАН**

**f. АУП за изградба на објект – сервис за поправка на лесни и тешки возила на ГП Б.2.8 на КП 493/2 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село општина Ѓорче Петров од УПВНМ Клучка стопански двор изготвен од ДОО УРБАН ГИС Куманово.**

**10. Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А:**

- **Донесени планови во 2016година**

**1 Деталните планови за: СЗ 03; СЗ 04; СЗ 08; СЗ 15; СЗ 18; и СЗ 10; се донесени во 2016година.**

**2. ДУП кои се во постапка и кои се планираат да се донесат до крајот на 2016год се, СЗ 02, СЗ 07, СЗ 11, СЗ 12, СЗ 06 и СЗ 16. Сите планови се во отпочната постапка, а во завршна фаза на донесување се :ДУП СЗ 07 и ДУП СЗ 11**

**3. УПС кои се во постапка а се планираат да се донесат во 2016год. се УПС за Кучково и УПС за Кисела Јабука.**

**4. АУП-и одобрени во 2016год. вкупно 7**

**-Проектни документации-постапката ја води општината а средствата се целосно на инвеститорот, освен проектната документација кои се потреба на општината.**

## II. Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиштеи уредување на просторот во руралното подрачје

1. **Подпрограма ФА. и ФD.** За уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки

**482.110 Подготовка на проекти вклучувајчи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**

**1. Во фаза на изработка се основни проекти за изградба и реконструкција на повеќе улици во општината за период 2016/2017год. и тоа за:**

**1.1 Основн проект за изградба на улици согласно ДУП СЗ 18 и тоа** Ул.2,3,4,5,6 со широчина према усвоите од усвоениот ДУП,

**1.2 Основн проект за изградба на** Улици во дел од ДУП Спортски терени,

**1.3 Основн проект за Изградба на** Ул.Волче Наумчевски,во должина од (110+210) м, и широчина према теренските услови,

**1.4 Основн проект за Изградба на** Улоци согласно ДУП СЗ 03,

**1.5 Основн проект за Реконструкција на** Ул.Кузман Капидан, во должина од 200м, и широчина од 6,00м и тротоари 2x2м,

**1.6 Основн проект за Реконструкција на** Улица Радуска, со посебен проект за атмосверски колектор,

**1.7 Основн проект за Реконструкција и просирување на патот за Кучково, со посена пешацка и велосипедска патека,**

**1.8 Основн проект за доградба на локалниот пат с.Орман до спој на патот за Косово,**

За изработка на проектите, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата ГИ Македонија-Скопје, а средствата се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

**1. Изработен е основен проект за реконструкција со пренамена во детска градинка во ОУ Ѓорче Петров,**

**482.120 Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и др. јавни површини**

**1. Изградба на улици**

**А. Завршена е градбата на бул.Партизански Одреди, од пота Влае до црквата св.Петар и Павле со нов кружен ток на сообраќајот,**

**а средствата за се обезбедени со меѓуопштинска соработка со Град Скопје.**

**А. Б. Во фаза на реконструкција е ул.Ѓорче Петрв од кружниот тек кај СП Планет се до општинската зграда, при што целосно се реконструира асвалтниот коловоз и комплет се реконструираат тротоарите, Со средствата обезбедени со меѓуопштинска соработка со Град Скопје**

**Б. Со средствата обезбедени со меѓуопштинска соработка со Град Скопје**

- Во фаза на припрема е градбата на улиците во УЗ дексион и тоа ул. Црногорска2,ул.4, ул6, ул.8,ул10 и ул.12.
- Во фаза на припрема е изградбата на ново проектирана улица 2 делот кој ја поврзува улицата од Пошта до ул.Македонска Војска и ќе ги поврзе новоизградените објекти за полициската станица и против пожарната станица со булеварот.

**В.** Со новото кредитно задолжување преку Министерство за Финансии на РМ и Светска Банка, завршена е градбата на планираните улици при што се завршени следниве улици:

- Завршена е реконструкцијата на дел од ул. Исае Маџоски, во должина од 210м,
- Завршена е реконструкцијата на ул. Злате михајловски, во должина од 392м,
- Завршена е реконструкцијата на ул. Ибе Паликуќа, во должина од 350м,,
- Завршена е градбата на ул. Браќа Галеви, во должина од 100м,
- Завршена е градбата на улицата Вија Игнатија, во должина од 236м,
- Завршена е градбата на ул. Црногорска 2( кракот кој води према гробиста), во должина од 187м,
- Завршена е градбата на улицата Јадранска, во должина од 100м,при што изведена е нова водоводна, фекална и атмосверска канализација,поставена е нова електрична инсталација и поставено е современо електрично осветлување,
- Завршена е градбата на улицата Новопроектирана- Антон Кецкаров во УЗ Даме груев,
- Завршена е градбата на улицата Австралиска во УЗ Даме Груев,
- Завршена е градбата на улицата Антон Чехов во УЗ Даме груев, на сите овие улици изведени се подземните инсталации, водоводи и канализации, потоа поставена е нова електромрежа за улично осветлување, изработен е современ асвалтен коловоз и изработени се тротоар со павер елементи .
- Завршена е градбата на улиците Новопроектирани 3,4 и 5 како дел од улицата Алекса Демниевски во УЗ Дексион, при што комплетно се иизведени подземните инсталации, водовод, фекална и атмосверска канализација, поставена е нова електрична инсталација за улично освтлување, изработен е современ асвалтен коловоз и изработени се тротоари со павер елементи.

**В.1** За изградба на улиците соглсно пропозициите од СВ Банка за изведувач е избрана фирмата Ф-ка Карпош,со кого е потписан договор бр.03-13/30 од 01.06.2015год во вредност од 51.845.969,00ден. додека согласно законот за јавни набавки за вршење на стучен надзо избрана е фирмата Евро Конслатинг од Скопје, со кого е потписан договор бр.03-45/21 од 22.06.2015год. во вредност од 2.360.000,00ден.

**Г.** Изградбата или реконструкцијата на улици во Урбаниот и руралниот дел на општината:

- Завршена е изградбата на ул. Пеклане 2,со коловоз од Павер елементи,
- Завршена е реконструкцијата на ул.4 во МЗ Ново Село, со изградба на нов асвалтен слој и тротоари од едната страна на улицата,

**- ВО завршена изградба е улицата Лука Геров 7, при што предходно поставена е водоводната мрежа и фекалната канализација, додеко коловозот се изведува со павер елементи,**

**- Завршена е изградбата на улица 5 во Ново Село се до пречистителна станица во должина од 650м,**

**- Завршена е градбатабта на улицата 42 во МЗ Кисела Јабука, во должина од 342м. со коловоз од павер елементи.**

**- Извршена е реконструкција на повеќе улици со струган асвалтен материјал и тоа на улиците:**

**- Во С. Волково на ул. 31,33,37,39,41,102,49 и други,**

**- Во Кисела Јабука на ул. 8,18,34,36**

**- Во с.Орман пристапниот пат за гробишта,**

**Изведувач на работите беше фирмата ЈУ БАЈ2**

**Д. Завршена е градбата на паркингот на ул.Социјалистичка Зора-кај зграда---, истиот е уреден со павер елементи, и поставени се нови столбови за осветлување на истиот.**

За изградба на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата ЈУ БАЈ2-Скопје, со кого е склучен договор.

Исто така согласно законската регулатива и законот за Јавни Набавки, за надзор над градбата е избрана фирмата Евроконсалтиг- Скопје, со кого е склучен договор.

**Градбата на преостантите улици планирани за 2016год, зависат од приливот на средства во Буџетот на Општината.**

**Ѓ. Завршена е градбата на локалниот пат од с.Волково(сред село) до с.Орман-Делница 2( од ОУ Јоаким Крчовски до с.Орман(до преминот на железничката пруга во должина од 1700м,**

**Средствата за изградба се обезбедени од Агенција за Финансиска Поддршка на Земјоделието и Руралниот Развој на РМ во износ од 12.323.940,00 ден. и Општина Ѓорче Петров во висина од 2.218.309,00ден.** За изградба на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата Филип Инжењеринг-Скопје, со кого е склучен договор

Исто така согласно законската регулатива и законот за Јавни Набавки, за надзор над градбата е избрана фирма Пема инжењеринг, со кого е склучен договор.

**2. Изградба на пешачки патеки, тротоари и други јавни површини**

**2.1 Во фаза на изработка е автобуска постојка на ул.Лука Геров во Уз даме Груев. Изведувач на работите е ЈП Улици и Патишта.**

**Средствата се обезбедени од буџетот на Град Скопје и Општина Ѓорче Петров,**

**2.2 изработени се пристапни патеки,паркинза и тротоари**

- **Изработен е пристапна патека и паркинг кај објект за колективно домување на ул.Наум Чакрев,**
- **Изградена е патека на ул. Шарпланинска со павер елементи,**
- **Извршена е реконструкција на патека врз каналот во УЗ Дексион,**
- **Изработена е бетонска банкина на патот Орман с. Никиштане,**
- **Изработена е пристапна патека на ул.Хрисо Батанџиев,**
- **Изработено е паркиралиште за коли за станарите на зградите на ул. Христо Батанџиев,**

**Изградбата на останатите улици за кои веке има потпишано тригодишен договор, ќе се реализираат во зависност од приливот на средства во Буџетот на општината. Планирани а не изведени улици се:**

**Ул.Браќа Чакреви, ул.Ѓуро Салај, ул.Јосиф Ковачев, ул.Наум Чакарев, ул.Рафајло Батина3 и улиците во с.Волково ул31,ул.53 и ул 33.**

**V10. Детски градинки**

**481.230 Реконструкција на деловни објекти**

1. **Заврешена е градбата со пренамена на одредени простории за детска градинка во ОУ Ѓорче Петров, при што предвидениот простор од ОУ комплетно е реновира и уреден-пренаменет за потребита за преселување на градинката од Дексион.Комплетно е пруреден дворот за престој на децата, уредена ефасадата и просторот-пациото за престој на децата.Уреден е влезниот дел на градинката од двете улици 4'ти Јули и ул. Ѓорче Перов со павер елементи и нова ограда. Градинката е во фаза на преселување на инвентарот и преселување.**

   **Средствата за оваа грдба во висина од 3.000.000,00 се обезбедени од Министерството за труд и социјала, додека за уредување на просторот, фасадата, дворот, изградбата на подстаницата за парно греење се обезбедени средства од буџетот на општината и од детската градинка.**
2. **Во детската градинка Росица клон Детелинка изградена е нова занимална, како дел од проектот за проширување на овај објект во целина. Средствата во висина од 3.000.000,00 се обезбедени од општината како гранд за предходно успешно реализирани обврски-изградени улици со кредитот од св.Банка.**
3. **Во целост е завршена догрдбата на ОУ Беровски во Хром, при што е извршено и реновирање на стариот дел од ОУ, и се комплет уредено со современа опрема и пуштено во работа.**

   **Средствата се обезбедени од МОН.**

**LA. Подпрограма Спорт и рекреација(Капитални трошоци)**

**482.920 Изградба и одржување објекти за спорт и рекреација**

**1. Спортски терени-рекреација**

**1.1 Нови спортски терени**

**- Во УЗ Дексион завршна е градбата на повеќе наменско игралиште, кое е комплет снабдено со сите реквизити за спортување на младите во мал фудбал, кошарка или ракомет**

Средствата за изградба се обезбедени од буџетот на РМ, преку Агенција за млади и спорт на РМ- за повеќенаменското игралиште, додека другите средства за уредување на просторот со новите соддржини се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

- Во текот на овај период изградени се повеќе игралишта за билдирање на децата уредени со реквизити и тоа во непосредна близина на постојните повеке наменски игралишта и тоа во Даме Груев, На ул.Социјалистичка Зора, Во УЗ Хром во прсторот на месноста Јурија.

Средствата за изградбата се обезбедени од буџетот на општината.

**1.2 Реконструкција на постоечки спортски терени**

**На сите спортски терени во општината сукцесивно е вршено одржавњето на теренот, реквизитите, а најчесто поправка или замена на дел од жичаните огради.**

**- Во Оу Мирче Ацев заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешните игралишта, и извршено е делумна поправка на жичаните огради,**

**- Во Оу Страшо Пинџур поправени се таблите на кошевите и обрачите,**

**- Во Оу Тихомир Милошевски извршена е поправка на дел од жичаната ограда околу игралиштето.**

**2. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен тек при што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.)**

2. Изградба на дел од ул. Македонска Преродба со паркинг во МЗ Мирче Ацев, ( позади објектот на ул. 4-ти Јули чиј инвеститор бил ЈП ССДП, извод за улицата 135/96,извод за

паркингот 314/96.

3. Дел од ул. Македонска Преродба со паркинзи кај станбени објекти спроти Црквата во М.З. Ѓорче Петров - расчистување.
4. Ул. Социјалистичка Зора.- трошоци за експропријација
5. Дел од ул. Сремски Фронт (од ул. Мечкин Камен до ул. 4-ти Јули, расчистување).
6. Дел од ул. Ѓорѓи Казепов.

II. Во рамките на реализацијата на Подпрограмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% обврска на Градот Скопје, произлезенаа од надлежностите на Градот дефинирани со Законот за Град Скопје.

1. Регулација и уредување на кејот и насипот на р. Вардар на територијата на Општина Ѓорче Петров Согласно ГУП.
2. Регулација на р.Лепенец на територијата на Општина Ѓорче Петров
3. Изградба на бул. Македонска Војска.I фаза II делница (спој со надвозник Лука Геров
4. Довршување на улица 4-ти Јули и изведба на улично осветлување.
5. Изградба на булевар Илинденска
6. Изградба на булевар Црногорска
7. Изградба на ул. Сремски Фронт
8. Изградба на ул. Лепенец
9. Изградба на ул. Тиранска
10. Изградба на мост на р. Лепенец и дел од бул. Црногорска на потегот од село Бардовци до надвозникот за населба Даме Груев
11. Доизградба на ул. Алексо Демниевски
12. Ул.Шарпланинска

**ОБВРСКИ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕ`НО ЗЕМЈИШТЕ (60% СО 40%)**

**3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра. Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Предлог - надоместот за експроприраните недвижнини што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност согласно недвижноста.

- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.

- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо ).

- Предлог - надоместок за одземените насади и посеви на земјиштето се определува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;

- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

**а.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:
- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

**б.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела,на градски сообраќајници ги сноси Градот Скопје во целосен износ , а на Општинските сообракајници Општината Ѓорче Петров во целосен износ, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно - правни и технички услови и материјални средства.

## 5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин.

За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и Општина Ѓорче Петров, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 93/11;65/12;75/12 и 98/12 год)

За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став

Просториите со нето висина до 2,50 м ' кои се пресметуваат со коефициент 0,2 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје („Сл. Весник на РМ" бр. 93/11;65/12;75/12 и 98/12 год.), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.

- Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.

- За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 - се пресметува

надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.

б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од Општина Ѓорче Петров

Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2015 год, а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика.

5.1. Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност -бонитет на локалитетот - комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под-Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:

**ТАБЕЛА"А"**

| | **КОМПЛЕКСИ** | **основни комуналии + пречистителна станица 1 %** | **Погодност - бонитет на локалитет (комплекс )** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **1** | **Дел-2** | **20 %** | **2%** | **8%** |
| **2** | **Дел - 3** | **18 %** | **1,5%** | **4%** |
| **3** | **Дел - 4** | **16 %** | **1%** | **2%** |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под-Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1 % презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно зенјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7% од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма.Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно Одлуката на Советот на Општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје" бр.7/2004."

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа.......................................................................... 1,50 %
б. Фекална канализациона мрежа.................................................. 1,50 %
в. Топлификациона мрежа................................................................ 3,20 %

Сопственикот - корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално

претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината Горче Петров ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс- договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се налатува по упросечени цени.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, до добивање на употребна дозвола .

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот - сопственикот на земјиштето од една страна и Општина Ѓорче Петров од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски е во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот - сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "ЕВН " - Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација" - Скопје и се составен дел на договорот.

Кога корисниците на земјиштето ќе изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, должни се за разликата која ќе се јави да склучат Анекс-договор согласно на ДУП кој е во важност во моментот на склучување на Анекс-договорот, што е услов локалната самоуправа да му ги исполни целосно договорните обврски кога ќе се создадат правни, технички и материјални услови. Кога корисниците на земјиштето изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, а вкупно изградената површина неможе да се вклопи во ДУП кој е во важност, локалната самоуправа нема да ги исполни договорните обврски.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор, се наплатува еднократно, според усвоената табела за погодност - бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместекот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг ) во станбен простор, не се наплатува и не се враќа.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (воколку недокаже со документација дека истиот го регулирал.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто неплаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Ѓорче Петров да им надокнади за порано направените трошоци за изградените основни инфраструктурни мреживо висина од 33% од надоместокот за уредување на градежно зејиште одреден во ГЛАВА-5. точка 5.1. и 5,2. да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и дају предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за Градот Скопје, помеѓу корисникот на земјиштето и Градот Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договор помеѓу Градот, Општината и корисникот -сопственикот на земјиштето. Корисникот на земјиштето е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градба.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува

самоиницијативно, без учество на Градот и Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат. За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и овластените АД. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка. Оваа изградена инфраструктурна мрежа, мора да биде предадена на Градот и Општината, да се овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да им надоместат на Градот и Општината целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 7. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината Ѓорче Петров.

Во точка 5.1, табела А, графа - 1, прикажани се зоните по кои се одредува надоместокот за одземено земјиште за изградба на инфраструктурни објекти.

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште.

## V. Ф.Д ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА
**( Капитални трошоци )**

**ВОВЕД**

Со Подпрограмата Ф.Д се утврдуваат капителните трошоци за уредување на просторот во руралните подрачја.

Финансирањето на оваа Под-Програма е од комуналната такса за градежно земјиште за населени места во општина Ѓорче Петров, која се плаќа согласно Одлука донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров, од изворните приходи на Општината.

**ПРИХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2017 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **13.500.000** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.000.000** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | 3.000.000 | |
| | | 717129 | | Други приходи по основ на комунална дејност | 2.000.000 | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 1.000.000 | |
| **73** | | | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **7.500.000** | |
| | **7331** | **Продажба на земјишта и други нематеријални вложувања** | | | **7.500.000** | |
| | | 733144 | | Надоместок за утврдуваењ на правен статус на беспраВно изградени објекти | 7.500.000 | |
| **74** | | | | **ТРАНСВЕРИ И ДАНОЦИ** | **3.000.000** | |
| | **7412** | | | **Трансвери од други нивоа на власта** | 3.000.000 | |
| | | 741211 | | Капитални трансвери од други нивоа на власта | 3.000.000 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД - ПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

**Средствата во оваа подпрограма ќе се обезбедат од следните извори:**

- **Од Буџет на Општината** **13.500.000,00 ден.**

---

**ВКУПНО:** **13.500.000,00 ден.**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2017 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **48** | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | **13.000.000** | |
| | **4821** | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **13.000.000** | |
| | | 482110 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини (пренос од 2016г) | **2.500.000** | |
| | | | | -проект за Орман до магистрален пат<br>-проект за реконструкција на пат за Кучково (пренос од 2016г) | 2.500.000 | |
| | | 482120 | | **Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**<br><br>**Изработка на јавни површини со префабрикувани елементи**<br><br>- изградба на ул. 1во УЗ ДамеГруев<br>- изградба на ул.1 кај Воен одпад<br>- изградба на ул. Тиранска2<br><br>**Изградба на локални патишта и улици**<br><br>- Изградба на ул. с.Орман до магистрален пат<br>- Изградба на ул.31,33,53 во Волково(пренос од 2016г)<br>- Ул. 30 и 40 во Кисела Јабука<br>---------------------------------------------------------------<br>- Изградба на улици оштетени од поплавите со одлука на Влада за с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука<br>- Реконструкција на пат за с.Кучково со проширување и реконструкција на делот изнад Кучково до манастир и до крстот. | **9.000.000**<br><br><br><br><br><br><br><br>3.000.000<br><br><br><br><br><br>3.000.000<br><br>3.000.000 | |
| | **4829** | | | **Надзор над изградба** | **1.500.000** | |
| | | 482940 | | Надзорна изградба | 1.500.000 | |

**ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ**

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на финансиски средствата од комуналната такса и создавање на други технички и материјални услови.

**ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. За спроведување на овие Програми, надлежен е Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.
2. Програмите влегуваат во сила, осмиот ден од од објавувањето во Службениот Гласник на Општината, а ќе се применуваат до крајот на 2017година.

**Број 08-3324/20**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2016 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/19**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 95/2012), член 15 од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 107/07, 102/08 и 143/08), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров, на 56-тата седница одржана на 10.11..2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополна на Програмата за комунални дејности**
**на Општина Ѓорче Петров за 2016 година**

**Член 1**

Во глава I во Подпрограма Ј0- Одржување на урбана опрема во став 2 бројот „3.000.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Во глава II во Подпрограма ЈН- Урбана опрема(капитални расходиа) во став 1 бројот „1.000.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

**Член 2**

Во глава III во Подпрограма Ј3-Јавно осветлуваењ во приходната ставка 717116 бројот „20.000.000“ се заменува со бројот „17.500.000“.

Во табелата за расходи ставка 421110-потрошена електрична енергија од јавно осветлување бројот „13.000.000“ се заменува со бројот „10.500.000“.

**Член 3**

Во глава IV во Подпрограма ЈА-Изградба на Јавно осветлуваењ во ставот 1 бројот „2.500.000“ се заменува со бројот „0“.

**Член 4**

Во глава VI која се однесува на Подпрограма Ј6-одржување и заштита на локални патишта и улици бројот после зборовите во износ од „4.000.000“, се заменува со бројот „3.000.000“, од приходно конто 741113 Трансвер од буџет на фондови на РМ., додека средствата од приходи на општинскиот буџет за 2016 година бројот „1.000.000“, се заменува со бројот „0“.

Во табелата на расходи во ставка 424-поправка и тековно одржување, во алинеа 1 крпење на улици и патишта бројот „3.000.000" се заменува со бројот „0". Вкупниот износ на ставката 424 бројот „4.000.000" се заменува со бројот „2.000.000".

**Член 5**

Во глава VII која се однесува на Подпрограма ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни улици, во ставот 2 бројот „25.805.000", се заменува со бројот „17.305.000", како и вкупниот збир бројот „26.805.000" се заменува со бројот „18.305.000".

Во расходната табела ставката 482110- Подготвување на проекти бројот „6.000.000", се заменува со бројот „1.500.000".

Во расходната табела ставката 482940- надзор над градба бројот „1.500.000", се заменува со бројот „500.000".

Во истата табела ставката 485420-Надоместок за одземен имот бројот „6.500.000" се заменува со бројот „3.500.000".

**Член 6**

Во глава VIII која се однесува на Подпрограмата ЈФ- Изградба на сообраќајна сигнализација, во став 2, бројот „500.000", се заменува со бројот „300.000".

**Член 7**

Во глава IX- која се однесува на Подпрограма ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување, во ставот 2 во табелата на приходи бројот „6.420.000", се заменува со бројот „3.220.000" и бројот од вкупната вредност „7.920.000" се заменува со бројот „4.770.000".

Во расходната табела ставката 482- други градежни објекти бројот „7.920.000", се заменува со бројот „4.770.000".

Во истата табела ставката 482720-Изградба на капацитетиза водоснабдување бројот „7.000.000" се заменува со бројот „4.200.000".

Во истата табела ставката 482940-Надзор над градба бројот „500.000" се заменува со бројот „420.000".

**Член 8**

Во глава X, табелата која се однесува на Програма ЈИ-изградба на системи за одведување на отпадни води,во приходната табела, средства од Буџет на општината бројот „1.500.000", се заменува со бројот „530.000", така што во вкупната вредност бројот „10.500.000" се заменува со бројот „7.850.000".

Во подставката 482310-подготвување на проекти за одводнување на одпадни води бројот „1.000.000" се заменува со бројот „250.000".

Во подставката 482320-Изградба на фекална канализација во реонот на Волково бројот „9.000.000" се заменува со бројот „7.100.000".

**Член 9**

Глава XII Други комунални услуги, во расходната ставка 424 поправка и тековно одржување бројот „2.000.000" се заменува со бројот „1.000.000".

Во подставката 424230 дезинфекција и дератизација бројот „300.000" се заменува со бројот 150.000.

Во подставката 424390, одржување на други градби бројот „1.700.000" се заменува со бројот „850.000".

**Член 9**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/21** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 10.11.2016 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за комунални дејности на**
**Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/20**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 45/97,5/99,45/02,16/04 и 5/09), член 15 од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 107/07, 102/08 и 143/08), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров, на 56-тата седница одржана на 10.11..2016 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за комунални дејности на Општина**
**Ѓорче Петров за 2017 година**

В О В Е Д:

Програмата за комунални дејности (Ј) се состои од следните Под-Програми:

I. Ј0 - ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
II. ЈН - УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)
III. Ј3 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
IV. Ј4 - ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА
V. ЈА - ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
VI. Ј6 - ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
VII. ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ
VIII. ЈФ - ИЗГРАДБА И СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА
IX. ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
X. ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ
XI. Ј7 – ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
XII. Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
XIII. ЈЕ – ИЗГРАДБА НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

I. **Ј0 - ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**
**II. ЈН - УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)**

Во овие Под - Програми се планираат средства за одржување на постоечката и за поставување на нова урбана опрема, во која спаѓаат:

- клупи,
- корпи за отпадоци,
- чешми,
- информативни табли,
- жардинери,
- фонтани
- и друга урбана опрема и пропратни работи

Средствата за финансирање на Под-Програма Ј0 - за одржување на урбаната опрема се планираат од изворните приходи на Буџетот на Општина за 2017 година во износ од 4.000.000 денари.

Средствата за финансирање на Под-Програма ЈН - за поставување на нова урбана опрема се планираат исто така од изворните приходи на Буџетот на Општината за 2017 година, а во износ од 2.000.000 денари.

Комисијата за комунални дејности заедно со Градоначалникот да учествува во утврдување на приоритетите во поставувањето на урбаната опрема.

## III. Ј3 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Оваа Под-Програма се однесува на користење и одржување на јавното осветлување.

Средствата потребни за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од комуналната такса за јавно осветлување, согласно Законот за комунални такси и од изворните приходи на Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

ПРИХОДИ

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| 717116 | - Приходи од комунална такса за јавно осветлување | 24.000.000 |
| | ВКУПНО: | 24.000.000 |

Средствата од оваа Под-Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија од јавно осветлување и за одржување на системите за јавно осветлување (промена на сијалици, осигурувачи, пригушници и сл.) како што следи:

РАСХОДИ

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| 421110 | Потрошена електрична енергија од јавноосветлување Одржување на системите на јавното осветлување | 15.000.000 |
| 424390 | Одржување на улично | 9.000.000 |
| | Тековно одржување на јавно осветлување | 6.500.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Новогодишно украсување | 2.500.000 |
| | ВКУПНО: | **24.000.000** |

## IV. ЈА - ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Оваа Под-Програма се однесува на изградба на нови системи за јавно осветлување (канделабри, кабли, сијалици и сл.) како и за реконструкција на постојната мрежа за јавно осветлување на локалните патишта, сервисни улици и станбени улици и објекти во енергетика, во износ од 2.500.000 денари.

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од изворните приходи на Општинскиот Буџет за 2017 година, во износ од 2.500.000 денари.

## V. Ј4 - ПОД-ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

За јавната чистота на Општина Ѓорче Петров како Општина која припаѓа во Град Скопје се грижи Јавното претпријатие за Комунална хигиена. Но, со оглед на фактот што Јавното претпријатие не може да ги покрие потребите за чистење на цела територија на Општината, Општина Ѓорче Петров со оваа Под-Програма планира ангажирање на работници кои ќе помогнат во одржувањето на јавната чистота, како и материјални средства потребни за работа на овие работници (метли, кеси, ракавици, кабаници, колички, копачи, лопати и слично)

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма ќе се обезбедат од редовните изворни приходи на Општината во износ од 6.300.000 денари, а се распоредуваат во следните расходни позиции:

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **423** | **СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТ И ДРУГ МАТЕРИЈАЛ** | **300.000** |
| 423310 | Униформи | 50.000 |
| 423320 | Обувки | 50.000 |
| 423910 | Други материјали за специјални намени | 200.000 |
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | **6.000.000** |
| 425990 | Други договорни услуги | 6.000.000 |
| | ВКУПНО | **6.300.000** |

Во оваа под-програма спаѓа и следењето на работата на Концесионерот за собирање и управување на комуналниот смет во руралниот дел. Работата на овој концесионер ја следи Комисијата за надзор за навремено и квалитетно вршење на концесиска дејност, преку разледување на извештаите на концесионерот и увидот на работата на истиот на терен, за што пак подесува извештај за својата работа.

## VI. Ј6 - ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Со оваа Под-Програма се врши распоредување и се уредува начинот на користење на планираните средства за одржување и заштита на локалните патишта и сервисните и станбени улици на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, дефинирани од Советот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр. 7/99). Средствата за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедува од ЈП за државни патишта на РМ во износ од 4.000.000 денари од приходно конто 741113 - Трансфер на буџет на фондови на РМ, и средства од од изворните приходи на Општинскиот Буџет за 2017 година, во износ од 3.000.000 денари.

Табела 1

| Подставка | Назив | **Износ** |
|---|---|---|
| 424320 | Поправка и одржување на патишта и улици<br>- Крпење на улици и патишта<br>- Зимско одржување на улици и патишта | <br><br>3.000.000<br>2.000.000 |
| 424 | ВКУПНО: | 5.000.000 |

## VII. ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ

Капиталните расходи на оваа Програма се однесуваат на изградба на локални патишта и улици, како и на реконструкции на постојната патна мрежа.

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од ЈП за државни патишта на Република Македонија и тоа во износ од 1.000.000 денари за 2017 година и од изворни приходи на Општински буџет 28.400.000 денари, односно од:

- Средства од кредит (80.000.000) од Министерство за финансии и Светска банка, од 2015год како преостанати средства од кредитот 33.000.000,00ден
  Од ЈП за Државни патишта 1.000.000,00ден
- Од Буџетот на Општината за 2016год 22.400.000,00ден

-------------------------------------------------------

ВКУПНО
56.400.000,00ден

Распоредот на трошоците за изградба и реконструкција на локалнаите патишта и сервисните и станбени улици ќе се изврши како што следи:

РАСХОДИ

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| | **Подготвување на пороекти** | **2.000.000** |
| 482110 | **Подготвување на проекти, вклучувајќи и дизајн на патишта и улици**<br><br>**- Улици по ДУП Спортски терени**<br>**- Улици по ДУП СЗ 03, СЗ 08 и СЗ 18**<br>**- Улица Радушка,**<br>**- Улица Гостиварска(канализација),**<br>**- Реконструкција со проширување за пеш.патеки на локален пат за с.Кучково,**<br>**- Лок пат С.Орман- Магистрала,**<br>**- Сообраќајно решение за центар на Волково** | 2.000.000 |
| | **Изградба и реконструкција на улици** | **51.900.000** |
| 482120 | **Изградба на улици и патишта**<br><br>**- Од кредитот земен од МФ и Светска банка од договорот за 2015год, за преостанатиот дел од кредитот ќе сеизградат или реконструираат следните улици:**<br>**- ул.Алекс Демниевски,**<br>**- ул.Мечкин камен-крак1 и 2**<br>**- ул.Пробиштипска (дел)**<br>**- ул.Знеполе**<br><br>**- Ул.Браќа Чакреви,**<br>**- Ул.Ѓуро Салај, и**<br>**- Ул.Јосиф Ковачев**<br>**( пренос од 2016год)**<br><br>**- ул.Лихнида-спој со бул Македонска Војска** | 33.000.000<br><br>10.400.000 |
| 482130 | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ<br><br>**- ул.Панко Брашнаров** | |
| 482940 | Надзор | **2.500.000** |
| 485420 | Надоместок за одземен имот | 2.500.000 |
| | ВКУПНО | **56.400.000** |

## VIII. ЈФ - ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Капиталните расходи во оваа Под-Програма се однесуваат на поставување и заменување на сообраќајна сигнализација и заштита на опрема на локални патишта и улици, односно поставување на хоризонтална и вериткална сигнализација, согласно Законот за јавни патишта.

Средствата потребни за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од изворните приходи на Општинскиот буџет за 2017 година и тоа во износ од 4.500.000 денари.

Трошоците ќе се однесуваат на подсметка 482120 - поставување на хоризонтална сигнализација (легнати полицајци), пратена со вертикална сигнализација (сообраќајни знаци) и проектите за смирен сообраќај на улиците кај основните училишта и градинки и тоа на ул.Лука геров, ул.Волковска(Н.Село),ул.4ти Јулу и ул.Воин Драшковци во Хром.

## IX. ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Капиталните расходи во оваа Под-Програма се однесуваат на изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителни системи на територија на Општина Ѓорче Петров, врз основа на Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на отпадни води.

1. Средствата од оваа Под-Програма ќе се употребат за изградба на водоснабдителен систем

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма ќе се обезбедат од:

- Планирани средства од Министерството за Животна средина........5.000.000,00
- Буџетот на Општината ............. 9.000.000,00
- Самопридонес од граѓани од с. Волково ........ ......... 1.500.000,00

**Вкупно: 15.500.000,00ден.**

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **15.500.000** |
| 482710 | Подготвување проекти за водоводи (градски и рурален дел) за.ул во Волково Пржина и попотреба на други места | 1.000.000 |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување<br>- Изградба на водоводна мрежа и краци во рурален дел (Стопански двор, Волково,Пржина и Кисела јабука) за обезбедување на кружни токови, со Куќни приклучоци | 13.000.000 |
| | - Доизградба на водоводната мрежа во с.Никиштане | 3.000.000 |
| 48273 | - Доиградба-реконструкција на водоводна мреж во с.Кучково | 10.000.000 |
| | | 1.000.000 |

## X. ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во оваа Под-Програма се планира изградба на V –Фаза на фекална канализација во руралниот и урбаниот дел од Општината како и изградба на Пречистителна станица. Финансиските средства потребни за оваа Под-Програма ќе се обезбедат од Буџетот на општината..

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **6.500.000** |

| | | |
|---|---|---|
| 482310<br><br><br><br><br><br><br><br><br>482320 | Подготвување на проекти за одводнување на отпадни води<br><br>- Проект за канализација со пречистителна станица за с.Кучково<br><br>- Изградба на фекална канализација во рурален и урбан дел од општината(( **пренос од 2016год)** | <br><br><br><br>1.000.000 |

## XI. J7 – ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Средствата од оваа Под-Програма во износ од 1.400.000 денари ќе се обезбедат од од Буџетот на Општината Ѓорче Петров

Од оваа програма се трошат средства кои се поврзани со одржување на зелени површини и парковско уредување, како што е потрошок на вода од јавните чешми и фонтани, потрошок на електрична енергија од пумпи за од фонтани, материјали за чистење на фонтаните, како и за одржување на јавното зеленило. Исто така средствата ќе се трошат за набавка на садници и хортикултурно уредување.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **1.100.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 1.000.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 100.000 |
| **424** | **Поправки и теково одржување** | **600.000** |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 600.000 |
| | **Вкупно** | **1.700.000** |

## XII. J8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

Средствата за оваа Под-Програма во износ од 1.500.000денари ке се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **424** | **ПОПРАВКА И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | **1.500.000** |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекцијан и дератизација | 300.000 |
| 424390 | Одржување на други градби | 1.200.000 |

## XIII. ЈЕ – ИЗГРАДБА НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

Средствата за оваа Под-Програма во износ од 6.000.000,00 денари ке се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | |
| 482920 | Изградба на други објекти<br>- паркинг во УЗ Хром (зграда 36 и 38)<br>- паркинг за станбени згради кај игралиште во УЗ Даме Груев (пренос од 2016г) | 6.000.000 |

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната Ј Програма - комунални дејности со сите Под-Програми е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/22**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа, за период од 01.01.-30.09.2016 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа, за период од 01.01.-30.09.2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/21**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 56-тата седница одржана на ден 10.11.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа на Општина Ѓорче Петров за 2016 година за период од 01.01.-30.09.2016 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, за период од 01.01.-30.09.2016 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/23**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЛЕР**

---

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
## ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
## ОД 01-09.2015година

**Ноември, 2015 година**
**Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

1. **Под Програма ЈО одржување на урбана опрема**

**424.440 Поправки и одржување на урбана опрема**

- Реконструирани се повеѓе парковски клупи и корпи за смет, заменети се даски.153 на оштетени клупи,320 штрафови, извршена е поправка на корпите за отпадоци и други активности на територијата на општината. Фирмата за одржувањето на опремата е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје.

**II Под Програма J.N. Урбана опрема(капитален расход)**
**480.190 Набавка на урбана опрема**

- Извршена е набавка и поставување на нови .70 парковски клупи и 48.корпи за отпадоци кои се поставени на повеќе локации на општината. Постојано се одржувани постојните клупи со промена на скршени или оштетени даски, промена на штрафови, бојадисување на клупитеи поправка на постојните канти за смет.( локациите се дадени во предходните програми)

Средствата за оваа позиција и за поправки на опремата се обезбедени од Буџет на општината.

**2. Под Програма Ј4 за Јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, во општината редовно се ангажирани триесет невработени (социјално загрозени) кои секојдневно се ангажирани заради подобрување на комуналната состојб, како и 21 социјален работник ангажирани преку Агенција за вработување.
2. Во текот на годината повеќекратно се направени акции со ЈП Комунална Хигиена за отстранување смет од дивите депонии , при што се дигнати околу 400 $m^3$ смет кој е депониран во Депонија ДРИСЛА.
3. За расчистување на дивите депонии, поправка на пристапните патишта и други површини, согласно Законот за Јавни набавки одбрана е фирма Билд-Инг, која во текот на годината очисти депонии од градежен шут и отпаден материјал во количина од околу 4000 $m^3$ , поправени- тампонирани се повеќе улици пред се во Волково, Кисела Јабука и Стопански Двор, кои значително беа оштетени од обилните дождови во пролетниот и летниот период.
   Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

4. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Стопански Двор до Ново Село во должина од 1500m.
   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.
5. Извршено е чистење на каналот за одводнување од влезната глава во с.Орман па се до центарот на с.Волково, во вкупна должина од 2500m.
   Средствата за чистењето на каналот се обезбедени преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.

2. **Под Програма J7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

**424.390 Одржување на други градби**

1. Во текот на изминатиот период редовно е вршено одржување на часовникот и дисплејот во градскиот парк, со фирма претходно избрана согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата ГЕО ХАЈД.
Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.

2. Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.
Средствата одржување се обезбедени од Буџетот на Општината.

**424590 Одржување на други зелени површини**

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл. R1-Програма.
2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голинитесо масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците. R1-Програма.

3. Уредени се површините околу ново изградените улици, како ул.Христо Батанџиев, паркот од новиот спортски комплекс, со хумизирање, набавка и садење на квалитетни садници од дрва и затревување на зелените површини.

4. Завршено е уредувањето на површините околу реновираниот објект за детска градинка во ПОУ Димитар ПГ-Беровски при што нанесен е квалитетен хумусен

материјал и извршено е затревување и засадени се 20 квалитетни садници-дрва.

Средствата за горе наведените позиции се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**4. Под програма Ј8 - Други комунални услуги**

**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се над 2000 шахти на целата територија на општината.

Средствата. се обезбедени од Буџет на општината.

**424.390 Одржување на други градби**

Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.

Средствата за одржување се обезбедени од Буџетот на Општината

**5. Под Програма R1 - Заштита на животна средина и природа**

**426990 - Други оперативни расходи**

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл.

2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голините со масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците.

**6. Под програма N1 - Основно Образование**

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

1. Изработен е основен проект за доградба на ПОУ Беровски- подрачно училиште во УЗ Хром со големина за деветолетка,

2. Изработен е основен проект за доградба на детска градинка во УЗ Хром,
3. Изработен е основен проект за доградба на градинката во Калинка во УЗ Мирче Ацев.

Средствата за изработка на проектите се обезбедени од Буџетот на Општината.

**424210 Одржување на згради**

1. Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.
2. Во ОУ Ѓорче Петров, извршена е реконструкција на старата просторија од кино салата со замена на подот со нови керамички плочки, заменета е подлогата од бината со нова, отоврена е нова врата за влез на деца за приредби, заменета е влезната врата со нова алуминиумска, поправени се скалите за качување на бината, целосно е сменето осветлувањето и и е прилагодено кон потребите за одрѓување на приредби, поставено е ново озвучување, целата просторија е модерно бојадисана, поставени се нови завеси на прозорците, и поставени се седишта од старото кино кои претходно се во целост репарирани и обновени.. Сега во училиштето пшостои просторија за кино претстави и за приредби со стотина седишта.
   Средствата за реконструкција се обезбедени од Буџет на општината и од донација која ја обезбеди училиштето.
3. Во ОУ Ѓорче Петров исто така е извршена реконструкција на просторот за прехрана на децата. Целосно се преуредени просториите на кујната, магацинскиот простор, просторот за исхрана на децата и санитарните простории. Комплет се променти грејните тела-радијатори и извршено е бојадисување на сите простории.Исто така во целост е преуреден и ходникот и скаличниот простор. Така што се доби целосно преуреден простор за престој и исхрана на децата во најсовремени услови.
   Средствата за реконструкција на кујната со трпезаријата се обезбедиа одUSAID донација и 30% од Буџет на општината.
4. Во ОУ Мирче Ацев целосно е завршена реконструкцијата на кровот при што извадени се салонитните табли, заменети се оштетените делови од дрвената конструкција, поставена е термо и хидро изолација и поставена е нова лимена покривка на целата површина, вклучувајќи ја и спортската сала и прелазот од училиштето до спортската сала.
   Средствата во целост се обезбедени од Влада на РМ преку Министертво за Образование и Наука.

5. Во ПОУ Јоаким Крчовски-с.Никиштане извршено е поплочување на дел од училишниот дворсо павер елементи(делот пред влезот.
Средствата се обезбедени од Буџет на општината и донации на ОУ.

**7. Под програма V1 – Детски градинки**

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

1. Изработен е основен проект за доградба на детска градинка во УЗ Хром,
2. Изработен е основен проект за доградба на градинката во Калинка во УЗ Мирче Ацев

Средствата за изработка на проектите се обезбедени од Буџетот на Општината.

3. Изготвени се барања за изградба на нови, реконструкција, доградба и адаптација на постоечки објекти на детски градинки и сите се доставени до Министерство за труд и социјална политика на РМ и Влада на РМ во следниот редослед:
4.Изградба на нова детска градинка во населено место Волково–рурален дел на Општината(локација-објектот на Македонски Телекомуникации)

4. Реконструкција на постоечки простории во ОУ "Димитар Поп Георгиев Беровски" и изградба на нов објект за сместување на 2 групи од постара предучилишна возраст
5. Надградба на постоечкиот објект(кат) на ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Калинка"
6. Изградба на 1 тракт на постоечката ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Детелинка"
7. Изградба на комплетно нов објект на постоечката локација на која во моментов се наоѓа ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Кокиче"-Дексион;

**8. Под програма L0/LA – Спорт и рекреација**
**482.920 Одржување на други градби**

**1. Поправка и тековно одржување на објекти за спорт и рекреација/Реконструкција на постоечки спортски терени**

Извршена е реконструкција на повеќе спортски терени и тоа:

1. Во ОУ "Мирче Ацев„ заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешното игралиште, и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.

2. Во ОУ "Страшо Пинџур" поправени се таблите на кошевите и обрачите.

1.4.3 Во ОУ "Тихомор Милошевски" извршена е поправка на дел од жичаната ограда на игралиштето, како и чистење на просторот околу истото.

## 1.2 Детски игралишта

Извршени се поправки на повеќе детски игралишта ( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен текпри што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.).

- Во ПОУ „Јоаким Крчовски„ - мз Никиштане, завршена е реконструкција на детското игралиште, со промена на клацкалките, лулашките и др.
- во уз "Хром" извршена е поправката на реквизитите од детското игралиште.

Изборот на изведувачот е извршен согласно Законот за Јавни Набавки, при што е како најповолна избрана е фирмата ФИНА ДООЕЛ, Скопје со која е потпишан Договор за градба.

Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2014год.

## 8.1 Под програма LA – Спорт и рекреација(капитални трошоци)
## 482920- Изградба на други објекти

- Во у.з. Мирче Ацев, на ул.Социјалистичка Зора(ул.Христо Батанџиев) завршена е изградбата на спортско повеќенаменско игралиште. Просторот околу игралиштето е уреден со изградба на зелени површини, пристапни патеки кои се обработени со павер елементи, поставени се канделабри за осветлување, , извршено е засадување на 30 садници и поставена е мала фонтана за питка вода. Во уредениот простор поставена е чуварска куќичка и поставена е инсталација за изградба на санитарен јазол кој треба да се изгради во текот на наредната година. . Во кругот на паркот изградено е детско игралиште за најмладите, опремено со повеѓе реквизити, лулашки, тобоган и тарзанка.

Средствата за изградба се обезбедени од буџетот на РМ, преку Агенција за млади и спорт на РМ- за повеќенаменското, додека другите средства за уредување на просторот со новите содржини се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

- Во спортскиот центар Ѓорче Петров( пред надвозникот) изградено е посебно игралиште за деца со посебни потреби и пречки во развојот , опремено со посебни-наменски реквизити , и поставена специјална гумена подлога.

Средствата за изградба на ова игралиште се обезбедени преку донација од фирмата ТРАНСМЕТ, а дел од буџетот на општината.

**1. Под програма DA месна самоуправа(Капитални Проекти)**
**481230-Реконструкција на деловни објекти**

Предвидените реконструкции на објекти на месна самоуправа и изградба на нови објекти на месни заедници не се реализираа во 2014год. поради немање финансиски средства во буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**2. Под програма EA- Капитални трошоци на општината**

**482930- Реконструкција на други објекти**
**480160-Купување на опрема за греење и климатизација**

Предвидената реконструкција (кров, климатизација, доградба) на Дом за Култура на Општина Ѓорче Петров не се реализираше во 2014год. поради немање финансиски средства во буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Општина Ѓорче Петров**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Сокол Митровски с.р,**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Програмата за заштита на животната средина и природата во Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/22**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 18, 24, 32, 122, 134, 162, 172, 204 и 208 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" 6р. 53/2005, 81/2005, 79/2006, 101/2006, 109/2006, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 1/2010, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 6р. 5/02) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров, на 56-тата седница одржана на 10.11..2016 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на заштита на животната средина и природата за 2017 година**

## I. ВОВЕД

Секторот за Урбанизам, Комунални дејности, Заштита на животната средина и ЛЕР преку Одделението за заштита на животната средина континурано ги насочува своите активности кон изработка и имплементација на издржани и квалитетни годишни програми. Како и досега, сметаме дека Годишната Програма за 2017 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животна средина, Законот за енергетика и усвоените програми од Советот на Општина Ѓорче Петров ( Стратегија за ЛЕР 2012-2018, Програма за ЕЕ 2012-2014), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина и стабилноста на еко-системите.

Одделението за заштита на животна средина со своите активности се стреми кон спроведување на еколошки проекти кои ги унапредуваат стандардите и условите за живот на граѓаните во заедницата.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Општина Ѓорче Петров – општина која на својата територија ги спроведува предвидените мерки и активности кои и се доделени како надлежности на локална самоуправа, а се однесуваат на областа заштита на животна средина;

- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно-активно учество на граѓаните. Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во делот на заштита и подобрување на еколошките стандарди, што понатаму ќе придонесе во развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата;

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Одделението за заштита на животната средина и природата своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните области/подрачја:

1.1 Урбана опрема (JH) и Одржување на урбана опрема (J0)
1.2 Јавна чистота и хигиена (J4)
1.3 Одржување и користење на паркови и јавно зеленило (J7)
1.4 Други комунални услуги(J8)
1.5 Заштита на животна средина и природа (R1)
1.6 Основно Образование (N1)
1.7 Детски Градинки (V1)
1.8 Спорт и рекреација (L0) и Изградба на нови спортски објекти и детски игралишта (LA)
1.9 Месна Самоуправа(Капитални Објекти )(DA)

### 1.1 УРБАНА ОПРЕМА (J0)

#### 1.1.1. Одржување на урбана опрема (JH)

- Одржување и санација на оштетени клупи за седење

Дел од поставените клупи се оставени на забот на времето, или пак се оштетени од човечки фактор, па така неопходна е интервенција за санирање на штетите на клупите(најчесто дрвените даски од клупите), како и нивната конструкција(доколку е потребно);

- Санација и замена на оштетени корпи за отпадоци

Покрај тоа што бројот на корпи за отпадоци на јавните површини во Општина Ѓорче Петров е недоволен, добар дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санацијата (онаму каде што е можна) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.

- Одржување на фонтаните и чешмите

Постоечките фонтани (во паркот) како и постоечките чешми за вода на повеќе локации на територијата на Општина Ѓорче Петров потребно е редовно да се одржуваат и чуваат во исправна состојба.

**Буџет за ЈО**
–Одржување на урбана опрема.......................................................................**4.000.000,00 ден**
**Буџет за ЈН**.
–Поставување на нова урбана опрема ...............................................................................**2.000.000,00 ден**

## 1.2 ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА (Ј4)

За одржување на јавната чистота и хигиена во Општина Ѓорче Петров (како општина во рамките на Град Скопје), согласно законските надлежности, се грижи ЈП Комунална Хигиена – Скопје. Но, со оглед на фактот што јавното претпријатие не може во целост да ги покрие потребите за чистење на цела територија на општината, Општина Ѓорче Петров издвојува значителни средства и енергија со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Од тие причини, и следната 2017год. Општина Ѓорче Петров планира да ангажира сезонски работници кои ќе помагаат во одржување на јавната чистота, како и обезбедување на сите материјални средства потребни за работа на овие работници (метли, кеси, канти, ракавици, кабаници, колички, копачи, лопати и сл).

За непречено одвивање на редовните активности на ангажираните сезонски работници, Општина Ѓорче Петров ќе издвои средства за:

1. Финансиски надомест на работниците;
2. Набка на ХТЗ и друга опрема за работниците (униформи, кабаници, ракавици, обувки и сл);
3. Набавка и одржување на приборот за работа (метли, колички, копачи, лопати и сл).

4. Други комунални услуги
   - поставување контејнери за електронски и електричен отпад во строго определен термин (најмалку 4 пати годишно);
   - поставување контејнери за габаритен отпад (од домаќинствата) во строго определен термин (најмалку 4 пати годишно);
   - превземање мерки за решавање на проблемот со уличните кучиња-скитници (во соработка со службите на Град Скопје);

- планирање простор во Реонски Парк наменет исклучиво за шетање на домашни миленици. Овој простор ќе биде посебно ограден и изолиран од останатиот јавен простор;
- редовно расчистување на просторот околу јавните установи, и тоа:
  - во и околу Основни Училишта
  - во и околу Детски Градинки
  - околу здравствените установи (особено амбулантата во м.з. Дексион)
  - на останатите површини каде има градежен и комунален шут (особено на ул.Социјалистичка Зора);

Во оваа под-програма спаѓа и следењето на работата на Концесионерот за собирање и управување со комуналниот смет во руралното општинско подрачје. Имено, работата на приватниот оператор ја следи Комисија за надзор за навремено, квалитетно и професионално вршење на концесиската дејност (разгледување извештаи, увид на терен и сл).

**Вкупно буџет за Ј4 – Јавна Чистота ........................................................................6.000.000,00 ден.**

## 1.3 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (Ј7)

Оваа програма се однесува на:

1. Одржување и корисрење на паркови и зеленило
   - редовно косење на тревата на деловите каде ЈП Паркови и Зеленило, Скопје нема надлежности (основни училишта, детски градинки, спортски и детски игралишта, површини покрај локалните улици, долж ул. Шарпланинска, ул.Лука Геров, ул.Волковска)
   - долж кеј на р.Вардар
   - во наредната година се планира да се изврши кастрење на дрва, живи огради на дворовите према улиците, односно се што излегува према улиците;
   - во соработка со ЈП и ЕВН предвидено е да се исечат-отстранат сите дрва кои пречат на постоечките инсталации;
   - во фаза на подготовка е Одлуката за комунален ред , согласно Закон за комунални дејности која треба да ја донесе Советот на општината, а со која поблиску ќе се уредат правата и обврските на жителите од општината.

2. Средства за набавка на садници и хортикултурно уредување

Општина Ѓорче Петров и во 2017год.планира да посвети внимание на урбаната и хортикултурна естетика. Во таа насока се мисли на одржување на постојните парковски и јавните зелени површини на цела територија на општината, односно замена на оштетената или уништена трева со нова. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето трева, како и набавка на нови садници за оплеменување на јавниот простор.

Во 2017год. по пролетното садење на цвеќе и тревна површина во паркот, трите кружни тека и останати јавни површини на територијата на општината, потребно е истите тековно да се одржуваат, косат, наводнуваат и надополнуваат со цветни насади.

1. Одржување на системите за наводнување и фонтаните

Исто така тука се вклучени и потрошокот на вода од јавни чешми и фонтани, потрошок на електрична енергија од пумпите за вода во фонтаните, материјал и средства за чистење на фонтаните.

2. Одржување на часовник и дисплеј во реонски парк

**Буџет за Ј7 - ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО……………………1.400.000,00ден.**

## 1.4 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (Ј8)

Оваа под-програма се однесува на :

1. Пролетна и есенска дезинфекција, дезинсекција и дератизација
2. Одржување на други градби
3. Редовно одржување на хидро под-станиците и пумпно построение на фонтаните во реонскиот парк

**Вкупно Буџет за Ј8 -ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ………………………………………………1.500.000,00ден.**

## 1.5 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (R1)

Оваа под-програма се однесува на :

1. Изработка на нов ЛЕАП-Документ…………………………………………………300.000,00ден.

*(Буџетот за изработка на ЛЕАП-документот се обезбедени од МЖСПП – од Програмата "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво при имплементитрање на законодавството од областа на животната средина". Имплементација на истста се очекува во текот на 2017год. по потпишување на Договор помеѓу Општина Ѓорче Петров и МЖСПП.)*

2. Обуки наменети за грѓаните за потребата од поставување Мониторинг – станица за мерење на квалитетот на анбиентален воздух и начин на читање на резултатите(подготвителна фаза пред поставување на мерната станица)..............................................................300.000, 00ден.

3. Одбележување на денови од ЕКО-Календарот(Ден на пролетта-, Светски ден за заштита на животната средина)...............................................400.000,00ден.

**Вкупно Буџет за <u>R1</u> ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА......................<u>1.000.000,00ден.</u>**

## 1.6 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (N1)

Оваа Програма се однесува на :

1. <u>Подготовка на проектна документација</u>:
2. <u>Надградба / Доградба / Реконструкција на објекти на основни училишта</u>

   **<u>Реализација на активностите предвидени со оваа под-ставка се планира со средства од Буџетот на Република Македонија, и од Буџет на општината</u>**

   **Вкупно Буџет за <u>N1</u>**
   **ОСНОВНО**
   **ОБРАЗОВАНИЕ.......................................................<u>5.000.000,00ден.</u>**

## 1.7 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ (V1)

Оваа Програма се однесува на :

3. <u>Подготовка на проектна документација</u>:
4. <u>Надградба / Доградба / Реконструкција на објекти за детски градинки</u>

   **<u>Реализација на активностите предвидени со оваа под-ставка се планира со средства од Буџетот на Република Македонија, Буџет од општината</u>**

**Вкупно Буџет за <u>V1</u>**
**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ...................................................................3<u>.000.000,00ден.</u>**

## 1.8 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (L0)
## ИЗГРАДБА НА НОВИ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА (LA)

Програмата **LO** се однесува на :

1. Поправка и тековно одржување на објекти за спорт и рекреација.........................3.500.000,00ден

Програмата **LA** се однесува на:

**-** Изградба на нови спортски објекти и детски игралишта...............................................2.000.000,00ден

- Изградба на фудбалско игралиште во мз Ново Село ( нас.место Јурија)
(**Изградбата на ова игралиште е планирано со средства од Влада на РМ-Агенција за млади и спорт)**
- Изградба на ново детско игралиште во мзНово Село (нас.место Јурија);
- Изградба на ново детско игралиште во уз Дексион

**Вкупно буџет за L0 и LA**
..............................................................................................................................**5.500.000,00ден.**

## 1.9 МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ) (DA)

Оваа Програма се однесува на :

- Реконструкција на објекти на месна самоуправа во Орман, Кучково и УЗ Дексион

- Изградба на објекти на месни заедници

**Вкупно буџет за**
**DA - МЕСНА САМОУПРАВА**..............................................................................**10.000.000,00ден**

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупно потребни средства за реализација на активностите предвидени со оваа Програма се **33.400.000,00денари** , од кои:

- **Од Буџет на Општина Ѓорче Петров...............................................................33.400.000,00ден.**

**Ова се вкупни финансиски средства потребни за реализизација на активностите кои се составен дел на:**

- **програмите JH, J0, J4, J7, J8 (кои се распределени и веќе опфатени во Предлог-Програмата за Комунални дејности во на Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР за 2017година**), и
- **програмите R1, N1, V1, L0, LA, DA**.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната Ј Програма - комунални дејности со сите Под-Програми е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/24**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Акционен план (GD)**
**за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Акциониот план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/23**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# АКЦИОНЕН ПЛАН (GD)

# ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2017 ГОДИНА

## Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

Енергетската ефикасност е активно решение за постигнување на заштеди на средства. Општина Ѓорче Петров е една од општините која на ниво на Р.Македонија вложува сериозни напори за усогласување на своите активности со оние предвидени со Националната Стратегија за ЕЕ на Р.Македонија. Програмата за енергетска ефикасност 2012-2014, усвоена од Советот на Општина Ѓорче Петров на ден 28.06.2012год. со Одлука бр.07-1653/3, претставува водич кој ги утврдува насоките во кои општината треба да се движи. Во изминатите години општината реализираше голем број на мерки, кои даваат несомнено позитивни резултати. Во таа насока во текот на 2015 година, планирано е да се реализираат следните активности кои се составен дел од Предлог-Акциониот План за 2017година:

**План за енергетска ефикасност** претставува едногодишен акционен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност предвидени во Програмот за енергетска ефикасност на општините и е законска обврска која произлегува од Законотза енергетика, Член. 132 став (3) (Сл. весник на РМ бр. 16/2011).

Планот за енергетска фикасност е во целост изработен и усогласен со мерките за енергетска ефикасност и нивната динамика на реализирање усвоени во стратешкиот национален документ **Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија до 2018 година**, со кој се спроведува националната **Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година**, а во согласност со член 131 од Законот за енергетика.
Основна задача на Планот за енергетска ефикасност на општината Ѓорче Петров е да определи:

- мерки и активностите кои треба да се остварат (оптимален избор на мерки и објекти во зависност од ниво на инвестирање, големина на заштедена енергија, број на корисници на објектите),

- ниво на нивна усогласеност со националниот Акционен план за енергетска ефикасност,
- динамиката на реализација на мерките за енергетска ефикасност,
- временските периоди кога можат да се спроведат предвидените активности,
- висината на потребните инвестициски средства за реализација на предвидениот план,
- извори на потребните финансиски средства,
- организациска поставеност и определување на одговорни служби и личности за реализација на предвидените мерки и активности (проектирање, набавка, надзор, следење на резултатите).

Основна задача на Планот за енергетска ефикасност е да определи:

- мерки и активностите кои треба да се остварат (оптимален избор на мерки и објекти во зависност од ниво на инвестирање, големина на заштедена енергија, број на корисници на објектите),
- ниво на нивна усогласеност со националниот акционен план за енергетска ефикасност,
- динамиката на реализација на мерките за енергетска ефикасност,
- временските периоди кога можат да се спроведат предвидените активности,
- висината на потребните инвестициски средства за реализација на предвидениот план,
- извори на потребните финасиски средства,
- организациска поставеност и определување на одговорни служби и личности за

реализација на предвидените мерки и активности (проектирање, набавка, надзор, следење на резултатите)

Јасно дека овие барања се меѓу себе спротивставени и потребно е да се направат компромиси и да се определи оптимална композиција на услови за дадениот временски период, и при почитување на финасиската кондиција на општината Ѓорче Петров , како и на целото општество.

**<u>Мерка 1: Објекти во надлежност на Општина Ѓорче Петров градинки, објекти на основни училишта)</u>**:

- Целосно завршување на доградба на ОУ Димитар Поп Георгиев-Беровски, подрачно училиште во Хром со капацитет за деветолетка II фаза, изградба на спорска сала и уредување на школскиот двор.
- Изготвени се барања за изградба на нови, реконструкција, доградба и адаптација на постоечки објекти на детски градинк и ОУ (енергетски-ефикасни) и сите се доставени до Министерство за труд и социјална политика на РМ и Влада на РМ во следниот редослед и тоа за:

8. Изградба на детска градинка во Волково, со капацитет за околу 100 деца,
9. Надградба на постоечкиот објект (кат) на ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Калинка",
10. Реконструкција на кров во ОУ Ѓорче Петров, ОУ Беровски, ОУ Страшо Пинџур и ОУ Јоаким Крчовски,
11. Изградба на комплетно нов објект на постоечката локација на која во моментов се наоѓа ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Кокиче"-Дексион;
12. Надградба на ОУ Тихомир Милошевски,
13. Замена на постоечкиот котел за греење во ОУ Беровски, Оу Ѓорче Петров и ОУ страшо Пинџур,
14. Замена на котелот и грејната инсталација во детска Градинка Росица, објект "Калинка".

**<u>Мерка 2: Јавно осветлување/ Замена на светилки со енергетски-ефикасни</u>**

**Зголемување на бројот на штедливи светилки за 60 % во уличното осветлување на територија на цела општина:**

- Штедливи 11 w.........................................................................................50
- Штедливи 18 w.........................................................................................1000
- Штедливи40w...........................................................................................2300
- Штедливи 70w...........................................................................................15
- Штедливи 100 w........................................................................................40

-------------------------------------------------------

Вкупно проектирани штедливи светилки: 3.405

**<u>НАПОМЕНА:</u>**

**Горе наведените мерки: Мерка 1 и Мерка 2 се дел од Планот на стручните служби во делот за енергетскла ефикасност за 2017 год. НАПОМЕНУВАМЕ дека во овој момент се изработува Три Годишна Птрограма за Енергетска Ефикасност на Општина Ѓорче Петров (2016-2018) и Акционен План за Енергетска Ефикасност за 2017год. Зависно од енергетскиот статус на објектите кои се во надлежност на локалната самоуправа, очекуваме нови проекции за постигнување заштеда на трошоци за електрична енергија и заштеда на топлинска енергија. Тоа подразбира нови проекти и мерки за енергетска ефикасност кои ќе бидат составен дел на тригодишната Програма и Акционен План.**

**Вкупно проектиран буџет за**
**Програмата GD..............................................................5.000.000 ден.**

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната **(GD)** Програма – Енергетска Ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2017год. е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР. Оваа Програма (GD) се реализира врз основа на позитивно мислење за Тригодишната Програма за Енергетска Ефикасност (2012-2014) издадено од Агенција за Енергетика на РМ на 13.06.2012год., а во согласност со Одлука од Совет на Општина Ѓорче Петров бр.07-1653/4 од 28.06.2012год. за усвојување и спроведување на истата.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3324/25**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и шесттата седница на Советот, одржана на ден 10.11.2016 година.

**Број 09-3425/24**
**од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров, на 56-тата седница одржана на 10.11.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07,**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Со одлуката се донесува Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план, во целост ги почитува одредбите на ГУП на град Скопје (Службен гласник на град Скопје бр. 8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ"51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.63/12; 126/12, 19/13; 95/13; 167/13; 125/14; и 148/14;) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. весник на РМ" бр.78/06 I 37/14).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петро-Скопје, со вкупна површина од 21,10ха.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:

- Север - осовина на новопланирана собирна улица „15";

- Запад - осовина на градска магистрална улица: булевар „Илинден"- „А" А.04,С.06;
- Југ - осовина на градска магистрална улица „Словенечка" - „А" С.04 - В.03;
- Исток - осовина на регулација на корито на река Лепенец (се совпаѓа со дел од граница на плански опфат на ГУП за град Скопје од 2012год.)

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 07 , Општина Ѓорче Петров – Скопје кој се донесува, е изработен од Иванов инженеринг дооел – Битола, со технички број 0801-06-04/15.

Деталниот Урбанистички план е со следната СОДРЖИНА:

- Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

СОДРЖИНА

- Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители на опфатот
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје

12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

Графички дел:
1. Извод од ГУП на град Скопје со граница на плански опфат ................ 1 : 5000
2. Ажурирана геодетска подлога ..................................................... 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ................ 1 : 1000
4. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд,
вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура.1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Вовед

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел
12. Графички дел:
    1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на зеленило ........................... 1 : 1000
    2. Сообраќаен план и нивелациски план ............................................. 1 : 1000
    3. Инфраструктурен план ................................................................. 1 : 1000
    4. Синтезен план ................................................................................ 1 : 1000

**Член 4**

Донесениот Детален Урбанистички план се заверува со печат на Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план, и сите негови делови, се составен дел на одлуката и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-3324/26**
**Од 10.11.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**